СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дванаесеттото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 октомври 1993 година

Скопје, октомври 1993 година

**ДИСКУТАНТИ ОД 12-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 66-та СЕДНИЦА**

**ОДРЖАНА НА 14.10.1993, стр.96**

(интерпелација на министерот за урбанизам, градежништво и човекова околина- Антони Пешев

1. АБДИ ФАИК - 21, 23
2. АЛИУ ХАМИТ - 27
3. АРСОВ ДРАГИ - 49, 52
4. БОЈКОВСКИ ЃОРЃИ - 18
5. БОШКОВ ЈОРДАН - 47
6. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 79
7. ДИМОВСКА ДОСТА - 55, 66
8. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 41
9. ИВАНОВ ЉУБОСАВ - 7, 9
10. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО - 69
11. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 43, 67, 68
12. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 5, 38, 40, 76, 73, 86
13. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 13, 20
14. МИЛКОВСКИ СТРАШО - 25
15. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 44, 46
16. ПЕТРОВ ТОДОР - 75, 77
17. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 69
18. ПЕШЕВ АНТОНИ - 59, 68
19. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 10, 55, 73
20. ПРЕВАЛА ШАБАН - 29, 31
21. СПИРОВСКИ ИГОР - 81, 85
22. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 71, 87
23. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 15, 16, 17
24. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 34
25. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 53
26. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 35

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од Дванаесеттото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 14.10.1993 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, пратениците да си ги заземат своите места, а службата да не извести за точниот број на присутни пратеници.

Пратеникот Стоиле Стојков не извести дека од оправдани при чини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството на пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **точка 19** - Интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за урбанизам градежништво, сообраќај и екологија, Антони Пешев.

Интерпелацијата Ви е доставена.

Отворам претрес.

Молам, еден од подносителите да ја образложи интерпелацијата.

Молам, кој бара збор?

Господин Стефковски.

I/2.-/OM/CJ

(Пратеникот Стефковски излегува на говорница)

Ве молам господине Стефковски треба еден од подносители- те да ја образложи интерпелацијата. Овде Вие не сте потпишани како подносител на интерпелацијата, па молам еден од подносителите .

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Се согласувам дека не сум потписник на интерпелацијата, меѓутоа никој не може да ми го спречи правото да дискутирам бидејќи од подносителите на интерпелацијата никој не се јави за дискусија, па оттука го користам правото да учествувам во дискусијата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, прво да прашам.

Дали има потреба некој од подносителите да поднесе образложение по однос на образложената интерпелација? (нема)

Господинот Стефковски се јавува за збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Една од причините што не наведе да покренеме интерпелација за работата на членот на Владата и министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија господинот Антони Пешев, се немилите настани во населбата Горче Петров - Скопје што ја вознемирија македонската јавност. Оттука, бидејќи интерпелацијата е писмено доставена до пратениците повеќе од три , четири месеци, конкретно на 18 мај (некој од пратениците дофрлуваат од место) овие што дофрлуваат од место веројатно со задоволство ја читале, нема да се задржиме на текстот и да прочитам што пишува во интерпелацијата бидејќи расправата што ја имавме во врска со настаните во населбата Петров даде јасна слика што се се случувало. Меѓутоа, во тој на

расправата отсуствуваше токму една одлука која што ќе ја прочитам во овој момент, а тоа е одлуката на Уставниот суд на Македонија.

Во Одлуката на Уставниот суд се става јасно до знаење на македонската јавност дека стои цврсто зад заштитата на не законитоста и самоволието. Значи, Уставниот суд на Република Македонија зборува за една неуставна Одлука на соодветното министерство и Владата.(цитирам "Уставниот суд на Република Македонија по одржаната јавна расправа на 7 мај 1993 година донесе Одлука за поништување на Одлуката за утврдување локација за изградба на камп за прифаќање на бегалци од Република БИХ од времен карактер донесена од Владата на РМ затоа што оцени дека таа не е во согласност со член 54 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање. (дел од пратениците погласно разговараат во салата). Доколку не престане вревата ќе ви вратиме со иста мерка од нашата страна. Да се слушаме, затоа е парламентот и овој микрофон.

Според мислењето на судот оваа одредба од Законот ја овластува Владата да донесува посебен акт само ако му е донесен просторен или урбанистички план и ако донесениот план не ги содржи елементите за утврдување услови за градба. Во конкретниот случај судот утврдел дека на просторот што го опфаќа оспорената одлука е донесен урбанистички план што ги содржи елементите за градба па оцени дека Владата немала основ надвор од тие услови да предвиди изградба на објекти кои не се предвидени во планот. Судот не го уважи предлогот на претставникот на Владата за запирање на постапката по овој предмет заради тоа што Владата донела одлука за престанок на важноста на оспорената одлука бидејќи истата согласно член 52 од Уставот на РМ не е објавена и не влегла во сила.

I/4.-

При донесувањето на поништената одлука судот ја имаше предвид тежината на повредата на законот во однос на остварувањето на правата на граѓаните во областа на урбанистичкото планирање, правната сигурност и другите околности што се означени за остварување на уставноста и законитоста. Ова е дел на Одлуката на Уставниот суд. Од на јасно произлегува дека имаме типично незаконито однесување во комбинација со самоволие на министерот, господинот Пешев. Ова се согледува низ неколку факти:

Прво, имаме преземено надлежност од страна на Министерството во урбанизам, надлежност која по законот е на Геадслото собрание и на Собранието на Општина Карпош. Со туѓа надлежност неспорно е дека во старт имаме и незаконите одлука. Ако имаме и незаконите одлука се става во заблуда странска држава и се стекнува во странство дека имаме не сериозен партнер. Врз таква незаконска одлука се доведува во заблуда, слободно ќе речам и министерството за внатрешни работи за незаконите асистенција и тоа постапи по незаконита одлука со што имаме директно спротивставуваше на полицијата и народот. Таа тензија после тоа траеше неколку денови.

Изградбата на истиот камп но сега во населбата Радуша се гради иста таква населба , што јасно зборува за незаконитоста на одлуката што директно говори за постоењето на одговорноста на министерот Пешев во дадениот случај и користењето на моралното право да поднесе оставка.

Заради авторитетот на Владата и односот на Владата на Северна Рајна Лестванија Владата не треба да стои зад министерот Пеше и пратениците исто така не треба да стојат во своето изјаснување зад министерот Пешев

По конкретни дискусии ќе настапат веројатно после мене, Благодарам.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас сум меѓутоа и потписник на интерпелацијата. Во урбанистичкото регулираше во Македонија сметам дека има големи злоупотреби и самоволија. Дури денешнава урбанизација е на пониско ниво од стара Југославија. Се гради на најплодно место, а се запоставува една традиција на лошите места да се гради, а корисната земја да се искористува за стопанисување. Во однос на урбанизацијата само се форсираа одредени населби на одредени градови, а се запоставуваат други делови Значи оној, елитниот дел се форисра со асфалт, сите комуналии се на општествен товар, а додека одредени периферни места, населени места се запоставуваат и одредени населби, меѓутоа никој не отвара ни одговорност нити покренува некоја одговорност.

Во однос на конкретно урбанизирање на одредени локации постапката воопшто не се спроведува. Во поранешно време најважен дел од постапката за урбанизација на конкретна локација беше јавните собири каде се произнесуваше месното население. Сега измени на урбанистичкиот план едноставно наменски без да се спроведе меѓу граѓаните јавна расправа дека се изменува урбанистичкиот план, од случај на случај, а пото асе создаваат одредени пропусти, последици кои не можат да се отстранат. Во случајот на нај нестручен начин се урбанизира оваа локација што е предмет на интерпелација. Локацијата каде требаше да се подигне предметната населба зачудува како се подига градба каде има веќе два урбанистички плана и тоа депонирани во Градско Собрание и во Општината Карпош. Наспротив двата претходни урбанистички планови се со констатација, со став  таму нема

никаква урбанизација, никаков иден проект и се подига населба. Истото ака тука е извршен конкретен пропуст, нема јавен собир на месното население каде Владата тука сосема само иницијативно го запоставува месното население, ја запоставува дејноста на Градското собрание и на Општината Карпош и подигнува нова населба со образложение дека тука не е регулирано. Јас сметам дека не регулирано може вон населени места, таа одредба важи таму, каде Владата може директно да урбанизира.

По повод оваа неправилна урбанизација, подигнување настануваат такви демонстрации каде и полицијата интервенира, се создаваат такви проблеми, се тепа народ, и сега имаме еден вид, или се против државата или се непријателски настроени, непотребно. А тоа чисто од Министерството за урбанизам е направен пропуст, во случајов за ваков вид интерпелација стално се бара и претходната интерпелација. Пресуда од суд. Овде не е суд, овде се бара политичка одговорност. Овде во случајот и неспорна е околноста имаме и Одлука на суд и тоа конкретно на Уставниот суд. И сметам дека тука е сосема слепо да се бара дека не постои никаква одговорност. Сметам дека оваа интерпелација може да послужи како основ за конкретна одговорност на министерот Антони Пешев. Во случајот имаме и пресуда, а и да немаме ние треба превентивно да делуваме, благовремено зошто ако чекаме судот што го сметаме како неажурен во просек, ние стално за да ја избегнеме онаа одговорност, наша, во случајот политичка од Собрание, па треба да се оди на суд, да ни донесете пресуда. Тука колеги пратеници имаме конкретна Одлука која Одлука не може ни да се обжали ни конкретно  образложение, дури има и политичко образложение дека е во прашање самоволие и последици. И, сега излезе и полицијата непријател на народот и слично.

Сметам дека во урбанизмот има сосема големи пропусти, меѓутоа тие ен се на папир и се свртува вниманието на другите. Но, сметам дека ова е неспорно утврдена одговорноста на министерот и можеме да се произнесуваме, конкретен основ е пресудата на самиот суд

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Крајно е време сите да се замислиме се со што се занимаваме ние како парламент. Многумина мислеа дека со донесувањето на Уставот, а јас уште и тогаш укажав дека практично ние направивме држава. Јас уште тогаш реков дека актите кои ги донесуваме не значат дека со самиот чин на прогласувањето на држава дека ние како држава и ќе функционираме. Времето очито покажа дека многу делови кои ги зацртавме во Уставот и каде што практично донесовме еден од најдемократските, така да кажам, Устави и доста квалитетен, нас не ни функционираат во системот. Не функционира законодавната власт, еве гледате дека ние повеќе од три четири месеци практично ја блокиравме работата во Собранието и се бавиме со кљукарство, со интерпелации, со меѓусебни расправи, самите со себе се занимаваме итн. итн. Не ни функционирани извршната власт и Владата во голема мера, работата на Владата е»блокирана, а да не зборуваме во каква катастрофална состојба се наоѓа судската власт каде што воопшто така речиси не можеме да се договориме за донесување на законите за правосудството и како резултат на тоа не ни функционира системот. Како што гледате во такви случаи бараме поединечни одговорности во тој систем кој комплетно партиципираме за неговата нефункциоанлност каде што е огромна одговорноста на нас како парламент, тоа не значи дека е помала одговорноста и на Владата, ние бараме поединци, ги ловиме во таа ситуација поединци и поедини пропусти за да дојде до израз нешто што не е во склад со човечки и други норми.

I/8.-

Поднесувањето на интерпелација е демократски чин и тука не може на опозицијата воопшто ништо да и се замери затоа што на тој начин опозицијата постигнува и одредени свои цели да ја провери коалицијата, да го провери единството во таа коалиција, низ поднесувањето на такви интерпелации се проверуваат и самите демократски односи, се прават и корекции на однесувањето итн. и од тој аспект не може да се стави некоја примедба, меѓутоа се она што е претерано, се она што не е во доменот на нормалите, се она што излегува од тие нормални дејствија тоа веќе поприма поинакво карактер. Ние многу голем број на интерпелации живеат и постојат кај нас. Ние многу се бавиме со тој проблем, му дојадуваме на народот и на нашите гласачи со такви појави и такви расправи. Според тоа мислам дека многу е подобро ние да се бавиме со поубави и корисни работи, да се бавиме со животните проблеми кои ги оптоваруваат нашите граѓани. Ете како беше убаво вчера да се чуе дека една голема земја ја признала Македонија една Кина со милијарда и двеста милиони луѓе. Како беше да се гледа на телевизија како нашата репрезентација ја победи Словенија, тоа го подигнува духот кај народот, патриотизмот. Многу убаво ни е да се бавиме со проблемите што сме оптоварени со блокадите со разрешување на проблемите економски во стаопанството и ние ако се бавиме со тие проблеми, ние најдобро и ќе му служиме на тој наш народ Инаку, ако се бавиме самите со себе, со реваншизми, со навреди со напади, ние покрај тоа што зборував за некои позитивни елементи тие се неутрализираат и тие ја губат својата содржина.

II/1.- ЈМ-ВБ

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ**: (продолжение)

Видете, и грешките се составен дел на животот. Најмалку имаме право ние да грешиме, најмалку има право да греши Владата, Министерството итн. меѓутоа, во една работа ако таа работа е широка, обемна, ако се присутни многу акции итн. може некаде и да се погреши. Грешките доаѓаат и како резултат на она што го реков на неизграденоста на системот. Ова за што зборуваше господинот Крстевски има право, затоа што ние правејќи ја таа држава, правејќи ја таа регулатива премногу ги натрпавме задолженијата и обврските во министерствата, а не го разрешивме прашањето на локалната управа која би требало да се занимава со дел од комуналиите, со реализација на урбанистичките планови. Не е поставен во функција тој дел на нашиот систем и тој не функционира како таков и не е поставен и контролниот механизам како што треба. Инаку да ви кажам, јас мислам дека ние немаме многу луѓе за жртвување. Ако ние појдеме по тој пат луѓето да ги жртвуваме, брзо да се откажуваме од нив ние ќе имаме многу малку способни луѓе кои ќе се зафатат со решавањето на ваквите проблеми, особено ако се работи за млади луѓе, интелектуалци, образовани луѓе кои во животот посебно се докажале. Јас немам намера да го бранам министерот за градежништво, урбанизам, затоа што со ништо и не ме обврзал тоа да го правам. Меѓутоа, сакам тоа да го кажам повеќе од онаа човечка страна која што треба да постои и ние треба да укажуваме на одредени грешки  и да бараме одредено однесување кое е во склад со нормите. Меѓутоа, ако почнеме брзо така да се откажуваме посебно од млади луѓе кои практично треба да биде таа локомотива, тој дел кој ќе внесува најголем прогрес во општеството уште. и тоа ако е направена една спона со искуството и со искусни кадри ние тогаш многу брзо ќе го изгубиме

квалитетот, ќе се изгуби динамиката и тешко ние ќе можеме да обезбедиме во вакви тела квалитетни луѓе. Јас мислам дека после едни овакви побурни интерпелации што ги имавме во последните неколку месеци, ние да поминеме да се занимаваме со многу покорисни работи, со донесување на многу покорисни одлуки, макар што тоа не значи дека контролните механизми на системот не треба во одредени моменти да се активираат.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Не би сакал да се вклучам кон интерпелацијата со чисто ксенофобични методи. Но, ќе ја искористам приликата да се задржам на еден проблем, односно неправилност во работата на дотичното министерство кое симболизира многу слични неправилности во работата на Министерството, па и на Владата. Имено, воздухопловната компанија односно акционерското друштво ЕР Илирија основано е ексклузивно со приватен капитал и регистрирано е во Окружниот стопански суд во Битола на 14 февруари 1992 година со решение на судот број 638/92 со седиште во Струга. После оваа регистрација набавени се и соодветните одобренија и уверенија на Републичката управа за царина и Републичкиот завод за статистика за одобрување на основната дејност, воз- душен превоз на патници и стоки. По завршувањето на овие претходни работи на 7.04.19^2 година, а по претходното упатство на Управата на аеродромите од тогашниот министер за градежништво, урбанизам, сообраќај и екологија господинот Леп авцев се побара дозвола за матичен аеродром да биде одреден аеродромот во Охрид кој исто така имаше свој интерес бидејќи компанијата му вети неповратна помош од 80 илјади американски долари. Одговор по ова прашање не е добиен поради што се направени неколку интервенции кај сегашниот министер за градежништво,претседателот и потпретседателот на

актуелната Влада. На 18.06.1992 година поднесена е жалба, но одговор сеуште не е добиен. На 19.08.1992 година од Министерството за урбанизам, градежништво и сообраќај каде од тој момент беше предметот заедно со спомена жалба компанијата поднесе барење за издавање претходна согласност како документ неопходен за земање на дозвола за летање,која требаше да ја издаде сојузното министерство на Југославија за воздушен сообраќај. Споменатото сојузно министерство пак поради тоа што Република Македонија нема до крај заокружена воздухопловна власт, односно сеуште нема управа за цивилно воздухопловство согласно член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија сојузните прописи се преземени како републички. Заради изменетите околности сега на таканаречената сојузна република Југославија кои се наметнаа со економското ембарго поради војната во Босна што значеше и ембарго во воздухопловниот сообраќај споменатата дозвола требаше да биде нострифицирана, односно потврдена што значеше на некој начин со меморандум издадена од надлежното министерство, односно министерот предмет на интерпелацијата. Кон барањето за нострификација, односно на дозволата за летање поднесена на 21.04.1993 година беше нагласено и препратено и барањето за одобрување на воздушни слотови, ,т.е. воздушни линии и дестинации поднесено уште на 15.03.1993 година. После безброј интервенции на 21 мај 1993 година. министерот Пешев најпосле се смилува и писмено ја извести компанијата дека сега во Македонија имало 5 авиокомпании, а просторот на Републиката бил мал за сите тие, притоа заборавајќи дека оваа компанија беше втора со своето барање за дозвола за летање после Палер - Македонија, односно дека после барањето на компанијата ЕР Шпирија регистрирани се уште 4 компании кои денес веќе летаат, тоа се: Вардар ЕР, поранешна Босна ЕР, сопственост на браќата Кариќ кои познато е ја спонзорираат дури четничката војна во БиХ. Потоа Авио-Импекс, Македонија АС и МЕТА

II/4.-

авио-транспорт. Понатаму во одговорот на министерот Пешев стои дека сегашната поставеност на авио-сообраќајот не одговарала и дека се формира национална авио-компанија итн. И уште дека во формирањето на националниот авио-превозник другите авио-.компании ќе можат да се вклучат во обавување на чартер летови што веќе однапред значи правење терен за формирање на монопол. Иако е познато дека државата за тоа нема пари и дека евентуалното формирање на национален авио-превозник ќе се изведе претежно со средства на други недржавни компании, а тие во Македонија ги има пет. За Министеството, односно Владата воопшто како да не е важен ни фактот што акционерската компанија е регистрирана и во меѓународната организација за цивилно воздухопловство ИКАО со седиште во Монтреал уште на 4 февруари 1993 година по реден број АИЦ0949 под шифра ИЛР и дека оваа компанија сеуште не сака да ги користи меѓународните инструменти за заштита на своите права, сакајќи да гради солидни односи со актуелната влада и да влезе во лојална конкуренција на пазарот кој не смее да се ограничува ниту да се монополизира. Надлежното министерство за градежништво и сообраќај, односно Владата не може, или поточно не смее да го пренебрегне ни фактот што оваа компанија има основачки капитал од 5 милиони американски долари од кои 80%, односно 4 милиони се потрошени за купување на два модерни патнички авиони од типот БОИНГ-737. Компанијата веќе подолго време има формирано комплетна екипа со пилоти, стјуардеси, администрација со канцеларии и претставништва низ Западна Европа и Америка.

Поставувам прашање и барам конкретен одговор од министерот Пешев, односно Владата. Зошто се прави сето ова? Се оневозможува да работи компанија која 100-процентно има обезбедено сопствен капитал, па дури и ја одби и великодушната помош од 80 илјади долари што компанијата ја понуди и сеуште ја нуди за модернизација на својот

матичен аеродром во Охрид. Би сакал исто така министерот да има храброст јасно да каже дека оваа компанија како и поранешната АДРИА-АИРВАЈС не им се дозволува да летаат во Македонија само затоа што оснивачи на овие компании се Албанци. А поврзано со ова би сакал уште да чујам објаснение за тоа како ја замислува македонската национална компанија која доколку се формира со вересија од други компании која што национална авио-компанија 8 0% па и повеќе проценти ќе превезува патници кои национално не се определени како македонци, а се државјани на оваа Република, или живеат во нејзина близина.

И со ова за крај прашањето и опомената, дали сте размислу-але што би правеле вие и вашите пет миленици компании, или евентуално националната компанија ако овие 80%, а некои зборуваат и повеќе проценти патници решат да не трпат вака груби неправди кои добиваат димензија на дрска бирократија и монопол и еден ден решат да ве бојкотираат, а вие ќе треба да ја враќате вересијата со голема лихва. Тогаш веројатно ќе се обратите до ЕР Илирија, или порано веќе згаснатата Адриа-Аирвајс која долго чека да го нострифицирате нивниот тур оператор сертификат , но тогаш ќе биде многу касно затоа што пазарните законитости и капиталот веќе ќе го сторат своето.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници, господинот Иванов малку во стилот "што е убав овој свет", а во никаква врска со точката на дневниот ред се обиде да го покаже животот само во едно идилично светло незаборавајќи притоа да се истакне како претседател и на фудбалскиот сојуз и да го прокаже успехот на македонската репрезентација. Јас не верувам дека вчера во Македонија имаше човек кој не се радуваше за тоа, не се радуваше од двата настани: признавањето на Македонија од страна на Кина под уставното име и успехот на фудбалската репрезентација. Но, исто така, не се сложувам дека оваа, а и сите други интерпелации се

губење време. Без било какви навреди може на министерот да му се укаже за неговата работа во министерствата. Јас исто така нема како поединци да зборувам за поедини случаи, ниту за случајот Горче Петров затоа што Уставниот суд си го кажа своето за случајот Горче Петров. А следејќи ја работата на Комисијата за урбанизам и градежништво овој пат би сакала да го искажам општото незадоволство од сите членови на Комисијата за недонесување на закони од нашата проблематика на дневен ред во Собранието и на матичната комисија. Урбанизмот е една многу сензибилна област која што за да се реши треба добро да се познава. И како што на почетокот на формирањето на Владата премиерот кажа дека ова министерство треба да се подели на неколку сегменти, можеби министерот Пешев ќе изградеше еден подруг стил во креирањето на сообраќајот каде што и сега е позаангажиран. Урбанизмот се остави на страна се додека не дојде заменикот во Министерството и јас се надевам дека набргу ќе дојдат и законите на дневен ред. Јас сметам дека и после оваа седница и Владата ќе ги пропушти законите многу побрзо како не би останала една црна дамка да кажам на работењето на министерот Пешев.

Би сакала да кажам едно мое мислење дека министерот недоволно енергично се заложува на Владата за извршување на оваа проблематика т.е. за донесувањето на законите на дневен ред во Собранието т.е. за согласност во Владата заради тоа што проблематиката можеби му е страна, не заради тоа што тој не е способен стопанственик, но затоа постојат и други министерства. Исто така, би сакала да кажам дека сите закони што беа донесени во овој период а кои што претежно се однесуваа за измена и дополненија на казнените одредби прво не се во согласност со постојниот устав. Често пати законската регулатива и деталните урбанистички планови паѓаат пред Уставен суд, пред Врховен суд и затоа сметам дека министерот и неговите заменици треба многу

поангажирано да се заземат во областа на чие чело работат

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, денеска расправаме за интерпелација на господинот Антони Пешев. Господинот Пешев е министер во Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај, ПТТ сообраќај и екологија. Ако ги анализираме сите овие зборови што ги содржи ова Министерство ќе видиме дека секој збор од ова Министерство, односно функциите кои ги врши исклучиво се наменети за доброто на човекот. Дали е тоа така ќе се обидам да набројат . неколку проблеми со кои се соочуваат жителите до мојот град Кичево. Морам да се задржам малку во елаборацијата бидејќи и во денешно време за жал велам имаме миграција село - град. Тоа и поранешните политичари и умници се залагале со таква политика да таа миграција ја задржиме, во село да живеат, а не во град за да не ги опустошиме селата, меѓутоа и ден денес тоа е актуелно.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ**:(продолжение)

Жителите од мојата изборна единица кои се над 20.000 претежно се соочуваат со проблеми од инфраструктурата, патиштата, ПТТ врските и водата за пиење. Овде не сакам да се враќам со проблемот на Студенчица што неколку пати овде сме зборувале и дека жителите се без вода за пиење, меѓутоа, сепак должност е исто така на ова Министерство да даде точен одговор за овие проблеми. Било како и да е проблемите се овие така што овие жители се принудени да мигрираат во градот. Во градот нормално треба да се купуваат плацеви, а каде ќе ги купуваат тие плацеви, освен во две населби Горно Пашино и над Рештански пат. Овие две населби не се урбанизирани. Луѓето ги купуваат плацевите, почнуваат да градат, без дозвола, меѓутоа, моќниците во Министерството за урбанизам и градежништво преку свои екипи рушат куќи изградени и покриени, можам да речам троспратници и дури се пофалуваме дека сме успевале во нешто. Дали се залагаме за доброто на човекот, се поставува прашање? А јас велам не. Повикуваме на помош полиција зашто во тесна соработка е било ова Министерство па и секое друго министерство со Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа, кому со авгомати му ја заобиколуваме куќата и го гледаме градителот на куќата како плаче со своите деца. Дали се работи за човекот, за доброто на човекот или покажуваме моќ пред нашите граѓани.

Има и ред други проблеми, а додека сум овде сакам да напоменам дека само за ова лето во овие населби се срушени 8 куќи, а истата акција продолжува и во селата. Што значи дека и таму не им даваме мир на луѓето да живеат или да изградуваат. Сето тоа е со една проста реченица немате дозвола. Лесно е некому да му рушиш и да му покажуваш закони. Дали Министерството е спремно на овие граѓани им

обезбеди мирен живот, да знаат каде може да се изгради и каде треба да се руши. За жал тоа не е.

**ДОФРЛУВАЊЕ ОД МЕСТО:**

За диви градби нема закони.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас зборувам пред пратениците, а со вас можеме надвор. Оваа тема е широка, но да завршам, не може да се обвинува министерот туку целото Министерство. И во Министерството има луѓе кои уште се бават со корупција. За Кичево има една куќа каде што навистина луѓето во Министерството се познати, некои вееле да се изгради, а некои да се руши. Фактички тука органите мора да преземат мерки, односно министерот Антони Пешев треба да знае со кого соработува во Министерството. После ќе ни се случува нешто друго. На некого потта да му ја газиш со нозе нема да се дозволи. Нормално тука растат тензиите. Морам да кажам уште една реченица, по ретки се случаите каде што се рушат куќите на Македонците, а повеќе на други граѓани. Ова го образложувам со тоа што можеби Македонците не градат, бидејќи сите се во државни станови, меѓутоа, Албанците, Турците и Ромите што живеат во Кичево имаат потреба да изградат, зашто и тие бараат добар живот како и секој граѓанин на оваа држава. Затоа апелирам до Министерството и до министерот Пешев кој се бави со една задача што има одговорност што бара да заштити урбанизам и патишта и екологија, но за жал во сето тоа ние во Македонија сме далеку од тие услови во кои живеат западните земји во Европа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Горѓи Бојковски.

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници за дискусија ме поттикна дискусијата на претседателот на Комисијата за градежништво која била незадоволна од донесување на закони. Ние на оваа Комисија воопшто не сме расправале за овој проблем што сметам дека еве јас како член на Комисијата сум задоволен од работата на министерот и сметам дека без заклучок на Комисија не смее да си зема за право претседателот на Комисијата да изнесува став на Комисијата, кога воопшто не се расправало за овој проблем на Комисијата.

Сакам да кажам уште неколку работи. Ние сакаме на овој министер сегашен кој е министер една година, а заменикот неполни 6 месеци, да му ги натовариме сите проблеми во оваа област, за што мора да признаеме дека се многу наталожувани во минатиот период и да го окривиме за сите досегашни деформации во овие области и за сите пропусти, што најповеќе се изразени и во недоволната регулатива од овие области. Сигурно дека не сме задоволни од брзината на донесувањето на законите кои ќе ја регулираат оваа област, бидејќи ова Министерство, самото негово име за урбанизам, сообраќај, градежништво, екологија, секоја област посебно претставува едно засебно министерство со проблемите кои што особено по осамостојувањето на Македонија се усложнија до толку што Македонија требаше да ги преоцени сите области во состојбата во која се најде со затворањето на патиштата, телекомуникациите, телефони,со проблемите што се создадоа во сообраќајот и во сите сфери во сообраќајот, патниот, авио-сообраќајот и др. Сега дали ние можеме да дадеме оценка за едно Министерство кое имајќи ги предвид сите овие

состојби, а можам да кажам дека е едно од помалите Министерства бројчано во вработување на кадри од одделни области, дали треба сега на овој министер да му натовариме за ова кратко време што не успеал да ги реши сите овие проблеми. Сигурно, колку што ми е познато во постапка пред Владата се околу 17 закони од оваа област дадени од ова Министерство, во ова време откако се дојдени министерот и заменикот, но дали само тие се криви што не се донесени. Многу од тие закони се сврзани со донесување на Законот за локалната самоуправа што треба да ги реши односите и надлежностите меѓу Владата и локалните органи, и дури потоа да се донесат овие закони што ќе ги регули- раат односите според определените надлежности.

Сигурно дека оваа работа пак ќе кажам ги засегнува сите жители, бидејќи сите живеат со проблемите на комуналиите, на снабдување со вода, недоволно изградени патишта, недоволно урбанизирани населби, дури некои и не електрифицирани, решавањето на проблемите во авио сообраќајот, телекомуникациите, проблемите во градежништвото, дали може овој министер за ова кратко време сите овие проблеми да ги реши адекватно. Сигурно дека ќе се провлечат и некои грешки. Сега треба да направиме*оценка дали тие грешки или таа грешка за која е дадена оваа интерпелација е толкава грешка да се бара одговорност. Јас сметам дека не е и нема потреба што еден дискутант пред малку искажа овие млади кадри да ги спречуваме во развој зашто ни се потребни сите кадри да ги вклучуваме сигурно со укажување на евентуални грешки во нивното работење и заради ефикасноста на извршувањето како и во ефикасност при издавањето на дозволи за локации. Ние со трансформацијата на општеството мораме да се трансформираме и во областа на регулативата да бидеме поефикасни во издавање локации било за мало или големо стопанство или за некој странски вложувања. Со оваа регулатива што ја имаме сега сигурно дека не можеме да се пофалиме,

зашто за издавање на локации се потребни подолги периоди, потребно е правење на инвестициони проблеми, и сметам дека во оваа област треба што побрзо да се донесат законите што се во процедура. Сметам дека Владата треба да биде поефикасна во донесувањето на овие закони и тие набрзо да се најдат пред Собранието. Инаку сметам дека министерот нема направено таква грешка што би требало да се бара негова одговорност.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За реплика се јавува г-ѓа Биљана Лазаревска.-

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Кога излегов на говорница не зборував како претседател на Комисијата за градежништво и урбанизам, туку само спомнав - пратејќи ја работата на Комисијата го искажувам општото незадоволство на членовите од кои што г-динот Бојковски е најбучниот заради тоа што тој директно работи во оперативата по оваа проблематика и ги знае недостатоците како и недостатокот од законите во градежништвото. Јас го молам г-динот Бојковски вака да го поддржува и министерот на Комисијата,-а не кога разгледуваме закони и кога нема закон тој јавно јасно и гласно зборува^дека е незадоволен со работата на Министерството. Јас го сфаќам дека сега ќе се постави во ваква позиција, но нема право да каже дека јас сум дискутирала во името на Комисијата. Јас не кажав никаков заклучок на Комисијата. Исто така овде се каже дека со оваа интерпелација или начинот на овие дискусии се спречуваат млади кадри во развојот. Никој не кажа дека министерот Пешев неспособен стопанственик. Тоа секаде се нагласува, али затоа постои Министерство за стопанство, Министерство за развој, Министерство за наука. Министерство за урбанизам сметам дека треба да го води човек кој што ја познава оваа проблематика.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, многу често ни стана навика од оваа трибина да зборуваме за поедини личности, за министри, за претседател на држава, за претседател на Парламент, за други личности за нивните маани и нивните многу ретко добри и добри работи итн., барајќи се самите себеси што ние правиме со оваа наша држава - Република Македонија. Ако сме свесни и ако бидеме самокритични што досега направивме во Парламентот, кои се точки на дневен ред ги ставивме, кои ги усвоивме, а кои не, колку закони донесовме, а колку не донесовме, и колку време изгубивме за одделни запирки и точки и не знам уште што, да не зборувам понатаму, сигурно ќе мора да сознаеме и да бидеме самокритични дека во многу животот во нашата држава и на нашите граѓани зависи од тоа како ние ќе бидеме ефикасни во Парламентот. За жал мора да констатираме дека имаме неефикасност во Парламентот од аспект на законодавната дејност на Парламентот. И во отсуство на такви закони сигурно ќе имаме и одредени грешки, ќе имаме незадоволство кај «ашите избирачи, незадоволство овде меѓу пратениците, а тоа значи ќе имаме интерпелации, или да ~гиречеме на крајот на краиштата интерпретации.

Имаме една интерпелација пред нас за еден човек, министер на еден многу важен ресор во државата, при многу различен класно-социјален процент на состав на луѓето, различен национален состав, различен политички состав. Ние сигурно ќе имаме вакви работи. Отсуството на Законот за локалната самоуправа многу не чини како држава и во зависност од тоа во општината кој е на власт сакам ќе решам вака сакам ќе решам онака, да го паднам овој или оној од власт.

III/7

Тоа мора ние овде да го признаеме. Сите сме возрасни избрани од народот и знаеме што правиме. Како што некој зборува за својата изборна единица јас да кажам за мојата изборна единица. Многу прост народ. Намачен народ. Живее во голема бедотија во куќурки, во ќумези, во немаштија. И сака некако да се извлече од таа кал, од тој резерват. Што да се прави со тој народ?

IV/1. РД/ЉР

**ФАИК АБДИ**: (продолжение)

Што да се прави со тој народ? Зарем е редно моите бирачи да градат некоја кукичка и да бараат помош од мене да го замолам министерот односно да ги замолам извршителите да не ја рушат итн. Зарем не е редно прво да дојдат да прашаат што да прават. Значи, да бараат согласност, да бараат документација, да бараат тоа и тоа, а не прво да градат па после да речат аман оди и сега Фаик мора да оди , да моли, да куми и од петни жили да се напрега да не се руши нешто. За жал тоа се некои си терасички, некоја собичка, во два-три наврата има многу убави куќички, а една е многу убава, сеуште стои итн. тоа е отсуство на свест кај нашите граѓани. За тоа мораме да бидеме само критички. Не би се согласил дека имаме таква ситуација„во нашата држава не решавајќи ги инфраструктурите проблеми, придонесуваме нашите селани да доаѓаат во град. Да, има и тоа. Меѓутоа, каде се тие за Скопје. Меѓутоа, сите го критикуваме Скопје. Скопје е вакво, Скопје е такво, Скопје е центар, Скопје е не знам што, а сите сакаме да бидеме Скопјани. Мислам дека сум во право кога го зборувам ова. Тоа значи исто и за нашите граѓани кои живеат по селата. Сакаат да живеат во град, дали сме толку богати ние набрзина за овие две-три години да направиме таква инфраструктура што ќе ги задржи луѓето од селата. Не сме биле способни,  а немаме ни материјална основа. И понатаму нема да имаме таква материјална основа. Зарем не сме свесни каде живееме сега, што не опкружува? А сега кој е крив, младиот господин министер. Како така? Колкави средства нам ни требаат прво за изработка на тие урбанистички и просторни планови. Дали се е овде негирано, и зошто не е организирано. Дали треба пари за тоа. Или за да се направат тие планови треба нешто друго. Како да не знаеме. Меѓутоа, ете сакаме да го тргнеме од Министерството г-динот Антони Пешев и да дојде некој

друг човек и да ги реши веднаш проблемите. Не би се согласил дека е тоа така. Мислам дека треба да се надминеме себе си и во овие моменти кога пред нас стојат огромни тешкотии, огромни задачи и, како Парламент, треба да знаеме што сакаме. Паѓање на влади, ние не сме Грција, ниту Грција може да биде овде. Ние сеуште созреваме, уште зрееме, заради тоа не сум ниту за интерпелацијата и нејзиното извршување, ниту за ова, ниту други што ќе дојдат. Ќе дојдат изборите, имаме време да се докажуваме. Да имаме повеќе пратеници ќе имаме власт, тогаш ќе направиме се и да видиме дали се ќе биде во ред. Јас сум уверен дека и тогаш нема да биде, се во ред. Секогаш ќе има позиција и опозиција. Секогаш ќе има критики и тоа ќе не натера да бидеме по свесни и да живееме подобро. И да додадам уште нешто, не може да се рече кој ти е крив кога живееш во ВМРО- овска општина од еден колега пратеник ми беше речено малку на шала. Општина Чаир велат дека била ВМРг-овска. Не е точно. Зошто ВРМ-овска. Таа ена граѓаните на општина Чаир. Меѓутоа, има некој работи кои што кажуваат дека одредени работи се направени токму за тоа што власта е таква. Јас ги ценам тие луѓе, претседателот на општината на извршното тело итн. итн. и верувам дека ќе најдеме разбирање за многу прашања и проблеми. Што се одденува за граѓаните, на општината, за граѓаните на оваа Република Македонија, а никако поаѓајќи од тоа зашто еден од претседателите на општината поранешна рекол јас сум претседател на граѓаните на општината Чаир, а не за не знам што. Па затоа го сменија. Еве јас нема. да .го „дадам својот глас за интерпелацијата и барањето што со таа интерпелација. Јас сум за тоа да се надминеме себе си и да ги дочекаме изборите, кој ќе победи ќе формира своја влада итн. и сигурно ќе биде живото подобар и со уште повеќе проблеми.

IV/3.-

**СТРАШО МИЛКОВСКИ:**

Мене сосема ми се јасни г-да пратеници нападите врз г-динот Пешпев, затоа што тој се наоѓа на чело на едно најгломазно, јас би рекол мамутско министерство во кое што работата е во континуитет. Тоа е г-да пратеници министерство кое сите му кажуваат како треба да се работи, на сите ги поставуваат проблемите како треба да ги решаваат и после сите се лутат на министерот затоа што тој е крив што работите не ги завршил онака како што тие мислат.

Јас најмногу излегов на говорницата затоа што не можам да се согласам со некои работи кои што тука беа кажани и мислам дека треба малку да се дообјаснат. Видете г-да ова Министерство носи малку подолг назив, а во називот е содржана целокупната негова работа. Тоа е Министерство за урбанизам, градежништво, сообраќај, екологија итн. Од оваа говорница беше кажано дека г-динот Пешев не бил стручњак за оваа област. Јас го тврдам сосема спротивното. Г.-динот Пешев можеби не е стручњак на урбанизам, меѓутоа, господа г-динот Пешев е стручњак за сообраќај и за врски кој што јас го знам и е докажан во оваа област. Меѓутоа, јас ви тврдам дека не можете да најдете министер кој што ќе ги познава сите овие области. И доколку најдете таков министер кој што ќе ги познава сите овие области, јас ви велам дека тоа ќе биде сто посто промашување. Меѓутоаово ова Министерство постои заменик министер, постојат помошници, секретари, постојат стручњаци, постојат советници кои што од својата област секој е стручњак, а задачата на г-динот Пешев е чисто координативна. Неговата способност како што рече еден од колегите пратеници, како стопанственик , како организатор точно му помага да биде на чело на ова Министерство. Мислам дека сите напади во таа смисла се неоправдани. Се зборуваше и се нападна дека ова Министерство е криво за дивоградбите.

Дивоградбите се рак-рана на секое општество г-да пратеници. Дивите градби не се проблем на г-сподата од Министерството, ниту на Министерството таа е рана на целото општество."Се работи едноставно за социјала. Се работи за луѓе кои што не можат да ги решат најегзистенционалните потреби, односно не можат да најдат простор за живеење Меѓутоа, за да се реши овој проблем на потез треба да биде општеството. Треба да се донесе адекватнана политика што на оние луѓе кои што не можат да ја платат економската цена та комуналиите, само во тој случај понатаму за спроведувањето на одлуките може да биде виновно Министерството. Но во оваа смисла мислам дека вината да се фрла врз Министерството е несериозна работа.

Од оваа говорница беше кажано дека ова Министерство е одговорно за водоснабдувањето. Водоснабдувањето воопшто не е проблем на ова Министерство. Водоснабдувањето е проблем во средината во која се живееја и секоја општина треба да го решава проблемот на водоснабдувањето и во градовите и во селата. Ова Министерство јас мислам дава и поголеми услови во однос на водоснабдувањето, со тоа што се одделуваат дел од средствата во буџетите за водоснабдување, дури и во поголем обем што општеството би било должно да го решава тој проблем,

Од оваа говорница г-да беше искажана и забелешката дека се градело на земјоделско земјиште. -Се гради таму каде што се донесени урбанистичките планови; А процедурата на донесување на урбанистички планови е малку по долготраен процес и во кој што Министерството за урбанизам учествува скоро т нејзиниот крај, односно дава согласност на урбанистичките планови. Меѓутоа, планирањето, тоа е доста сложен процес, тоа е во интеграциски однос со многу други струки каде што учествуваат поголем број или тимови на стручњаци каде што се мери

квалитетот на земјиштето, каде што се прават анализи, каде што се вреднуваат сите и мерливи и немерливи компоненти и на крајот се донесува одлука за тоа и тоа земјиште да биде опфатено со Урбанистички план.

Понатаму, согласност за да се гради на земјоделско земјиште дава Министерството кое што е најкомпотентно за оваа работа, а тоа е Министерството за земјоделство. Дури отпосле доаѓа реализацијата и се реализира Урбанистичкиот план. Еве од прилика тоа се работи кои што беа изнесени на оваа говорница за кој што јас мислам дека воопшто не се така и тврдам дека се така како што јас ги поставив и мислам дека работата на ова Министерство задоволува со оглед дека на тоа Министерство е во континуитет каде што се и те како напластени огромен број на проблеми, за тоа што е доволно само да ги прошетата министерствата, ќе видите дек во холот на ова Министерство секогаш е полно. Затоа што се работи со жива материја..

**ХАМИТ АЛИУ.:**

Дами и господа, ценето Претседателство, Самото име

Министерство за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, претставува комплексно специфично министерство. Урбанизмот што во прв ред би значело развој на градовите во поширока смисла и нивната рурална околина.

Вкупниот урбанистички развој може да се систематизира во три компоненти. И тоа во функционално демографски и просторно урбанистички, а да не кажеме за концентрацијата на градењето внатре во метрополистички линии на територијата,урбанизирање на регионите итн.

Од горе изнесеното во практиката нема скоро ништо. Не се сите граѓани подеднакво. Некои се од прв ред,1 а некој од втор ред. Многу е тешко да се гради, а уште потешко да се добива дозвола. поконкретно се иде како во минатото дали си симпатичен односно дали си граѓанин од прв ред или,втор ред, односно дали се чесен или нечесен албанец. Во ова Министерство нема ни еден вработен албанец. Само во подрачните министерства некои референти. Ова Министерство и ден денеска има такво шаренило на урбанистичките планови што не овозможува рамноправност на сите граѓани под еднакви услови да градат., Овде е конгомерат, а да не зборуваме за мито и корупција.

Исто така, во ова Министерство се работи незаконито се занимава со градење на манастири, а од другата страна поголемиот сарказам е одлуката на Уставниот суд. Ниеден албанец нема фришоп а мора со месеци и години да чека за една обична дозвола или документ. Сообраќајот што претставува природна атрактивност, општествените фактори не можат да дојдат до излез, без учеството на останатите комуникативни фактори. Од посебна важност е сообраќајот. Сообраќајот е една од основните области на материјалното производство, значи освен превозот на луѓето и стоката , врши пренос на вести, мисли и капитал. Од овој аспект за албанците е дискриминаторски. Во ниедна авиокомпанија, што еден мој колега истакна, а да не зборувам еза другите сегменти на друмскиот и другиот сообраќај. Ова Министерство треба да се занимава за условите на опстанокот и независноста на живите суштества во една средина. Ако ова е точно и во доменот на ова Министерство, тогаш треба со месеци да држиме седница и да зборуваме за условите и начинот и. дивата градба што некој спомнуваше од оваа говорница како доаѓа и зошто доаѓа до тоа, треба најмалку да

IV/7.-

имаме седница, а не само една точка на дневен ред. Мислам дека самиот г-дин министер и ова Министерство ги знаат проблемите. Точно е дека датира повеќе години и ред е еден пат да биде подеднакво за сите граѓани.

**ШАБАН ПРЕВАЛА**

Почитувано претседателство, почитувани колеги,

Работата на Министерството за внатрешни работи, Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија поради својата карактеристика за жал е изложена на критики. И неслучајно би рекол дека се избрани за интерпелација токму министрите што ги водат овие две министерства. Зашто објективно бидејќи е работата на овие министерства е понепосредна во контакт со граѓаните, објективно доаѓа и до реагирања вакви или онакви, во корист или против делувањето и активностите на овие министерства.

И овој пат повод за расправа е интерпелацијата на опозицијата. Оправдано се рече тука дека таа има право, тоа демократско право за еден однос кон еден државен орган, барање одговорност на тој државен орган итн. Меѓутоа, нека биде и за мене ова повод и прилика и јас да укажам за некои аспекти од тоа како доаѓа до израз активноста, работата на Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија. Ова дотолку повеќе што објективно на чело на ова Министерство е министер кој што денеска е на расправа пред нас, за кој што се води интерпелација за неговата работа. Дотолку повеќе што тој е одговорен и пред нас како Собрание, како што и пред Владата на РМ.

Министерството за градежништво, урбанизам, сообраќај и екологија, мислам дека без сомнение во овој период има и резултати - кои штос е достојни за почит. Мислам дека тие не би смееле да ги негираме, меѓутоа, бидејќи денеска зборуваме за интерпелацијата, нужно

мораме да се осврнеме на она штос е слабости со цел тие ако не може да се елиминираат, тогаш да се минимизираат во иднина. Јас морам да кажам дека постои еден општ впечаток дека Министерството за градежништво, урбанизам сообраќај и екологија во односите со граѓаните преименува два аршина. Еден кон граѓаните од македонска, друг кон граѓани од албанска н националност и другите националности. За жал тоа бага во очи, заради тоа што се работи за домен на делување каде што навистина граѓаните објективно мора да ги толкуваат работите на еден или на друг начин, односно да ги чувствуваат и добрите и лошите страна на свој начин. Ова доколку повеќе што се разбива кога граѓаните доаѓаат во судир со прописите што ја регулираат оваа материја се соочуваат и со органи на ова Министерство и со органи од Министерството за внатрешни работи за што тие делуваат заеднички. И во усвои кога во овие министерства како и во целата државна структура отсуството на албанскиот елемент и на другите елементи е евидентна. Граѓаните тоа го примаат доста би рекол, драматично како нешто да им се случува од некој друг орган, од некоја друга држава, не од своја држава. И оттука размислувањата, тука впрочем беше и нешто речено, кога се дискутира за слабостите на Министерството за урбанизам, градежништво, екологија и сообраќај, мора да се има и други аспекти што ги отежнуваат греовите на ова Министерство како и на другите министерства.

V/1/ЛП/лј

**ШАБАН ПРЕВАЛА:** (Продолжение)

Неспорно е дека паѓа во очи постапката на органите на ова министерство кон дивоградбите. Дивоградбите, драги мои колеги, не треба да се сметаат како нешто што објективно ги предизвикува еден елемент, нека биде тоа и национален. Мора да се бараат причините зошто доаѓа до таквите дивоградби. А причините се големи. Прво и прво што ние генерално немаме еден престап кој ќе значи динамичко решавање на потребите на граѓаните. Од друга страна, тука е во прашање ограничениот простор. Да кажеме, јас мислам голема слабост е, Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, па и наша слабост е што ние не преземаме фронтални мерки на планот на обезбедување услови луѓето навистина да ги решаваат проблемите од обезбедување на животен простор, на покрив над главата, и со такви средства со какви тие објективно располагаат во одредена ситуација. Меѓутоа, ние како да го свртевме вниманието повеќе кон градовите и кон градските индустриски центри, а ги запоставивме предградијата, така да кажам околината каде можеле да се сместат доста граѓани, да си го најдат својот живот, да обезбедат услови какви што објективно со такви средства може д се обезбедат. Еве на пример нека се земе околината на Струга. Целото Струшко поле е полно со згради, приватни згради, заземен е огромен простор, огромна земјоделска површина, како што е впрочем и со скопска околија, покриена со градежни објекти, а од друга страна барем за Струга можам да кажам, како што може да се каже за Скопје, околу Струга стојат огромни површини, цели голини кои се од VII-VIII-ма. категорија, а може доколку се спроведат мерки инфраструктурни, значи со спроведување на струја, вода и др., таквите голини да служат за градење на градежни објекти и каде што веројатно еден обичен граѓанин

може со сопствени средства да си го реши прашањето многу побезболно отколку вака што мора да^ дојде во судир со прописи. Зарем не говори во прилог на ова и фактот што граѓаните што струшките села Радоилишта, Франгово итн. отидени се просто по водата, затоа што водата од Радолиште се зеде, Струга се обезбеди со вода како и некои села, а не се обезбеди вода да речеме за една Храста тука во околината на Струга, односно до Радолишта. Таа површина може велам со минимални инфраструктурни мерки да се прилагоди за да се гради тука населба и да се решат проблемите на граѓаните. Но луѓето мора да одат по водата и да бидат изложени на потешкотии и проблеми, на казни, диво да градат, да се изложат на големи ризици и на крајот да бидат обвинети како да им е тоа синдром на Албанците постојано да доаѓаат во судир со законот. А тоа не е така. Мислам дека работите треба да се сфатат како потреби на граѓаните, а не на една или друга национална структура.

Морам да кажам дека граѓаните реагираат, но пред тоа да кажам дека не е користен да речеме Зајчев Рид во Скопје. Да потсетам и на тоа и на други делови на градот Скопје, а цела населба Аеродром се» гради на плодна површина и ќе дојде ситуација да не снабдуваат со земјоделски производи од други градови, а Скопје можело да се снабдува со свое земјоделско производство, додека за градење да се користат други површини. Меѓутоа, за жал, тоа е наш синдром и мислам дека тука се тие огромни слабости, би рекол така на ова Министерство, не мислам од мандатот на господинот Пешев, меѓутоа, зборувам генерално дека ние немаме една генерална политика, но која еве ни се одразува актуелно, мислам сега тековно.

Ние имавме прилика во минатото да се увериме дека ова Министерство, за жал, имаше можност да се стави и во служба на идеологијата, па да се занимава со рушење на оградни ѕидови, при што паѓаа и жртви. А во најмала рака мислам дека такво Министерство да се занимава со таква работа. Ова Министерство треба да се занимава и со сегашните и со перспективните потреби на граѓаните. Имаме цели населби по градовите, особено каде живеат Албанци, Турци и др. кои немаат минимални услови за хигиена, неасфалтирани улици, непоправени патишта, а од друга страна се рушат и стари објекти што постојат со години, со цел да се оствари некоја генерал политика. Примерот на "Дижонска" ми е во сеќавање, а такви примери имаше и подоцна и не само во Скопје туку и во другите градови. Мое мислеше е како да се нема системски пристап во решавањето на градежните и урбанистичките проблеми. Како да се нема една јасна концепција, туку концепцијата се гради од случај до случај и затоа се доаѓа до ситуација да се критикува ова Министерство, па и одговорниот на чело на тоа Министерство.

Јас морам да кажам тука уште 2-3 збора и да резимирам со тоа. Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија мора да води сметка за еднакво или рамноправно користење и на земјишниот и на воздушниот простор од страна на сите граѓани. Бидејќи за земји8шбниот простор укажав на некои аспекти во оваа прилика би сакал да потсетам дека ние имаме хаос во користењето на воздушниот простор. Не мислам само во поглед на одобрението за авиокомпаниите, туку сакав да укажам на радио-дифузијата. Во секој град сега имаме радио и ТВ станици и незнам како тие делуваат и со какво одобрение, дали има некоја генерална политика околу тоа. Мислам дека тоа се

национални богатства, да не речам државни богатства на РМ, за кои мора да се има еден посолиден пристап, еден понаучен пристап, а би рекол и подолгорочен перспективен пристап, за да не мора потоа да се коригираат состојби и да се обвинуваат мандати и т.н.

За сето ова сакам да речам дека има одговорност Министерството за градежништво, урбанизам, сообраќај и екологија, но бидејќи се наоѓа на чело на тоа Министерство кое е соочено со слабости, г-динот Пешев објективно и тој сноси одредена одговорност

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Душан Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, поднесување на чинот на интерпелација за носителите на јавната функција во демократските земји, а во овој случај кај нас во РМ за актуелниот министер за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, г-динот Антони Пешв, мислам дека е нормална појава и од тоа не би требало никој да се срами и да тагува. Мислам дека е тоа чин каде што навистина негативните работи на одделни личности ќе бидат изнесени а овој форум потоа ќе си го даде својот збор во позитивна или негативна смисла.

Во текот на овие неполни 2 часа беа изнесени доста мислења, почнувајќи од опозицијата која ги изнесуваше своите ставови во однос на негативните дејанија на актуелниот министер се до изнесувањето на

мислењата од позицијата кои го бранеа, а се разбира некои и од позицијата кои изнесуваа негативни забелешки за досегашното работење на актуелниот министер.

Мислам дека она што се случи во Горче Петров да не беа физичките пресметувања кон месното население, значи употребата на физичката сила и хемиските средства, мислам дека тој настан ќе беше без заборавен бидејќи после неколку дена настана прекинување на работите околу кампот, односно и епилогот од страна на Уставниот суд на РМ од 5-ти мај 1993 година за прекинување односно незаконската одлука за градењето на кампот. За да нема забуна и да не зборуваме тенденциозно дали е тоа така или не е така, мислам дека фактите што ќе ги изнесам ќе го кажат своето, со неколку податоци,па и овој аудиториум, мислам на Парламентот, а се разбира и пошироко, јавноста во РМ нека пресуди во однос на тоа.

Владата на РМ неосновано се повикува на чл.54 од Законот за системот на просторно и урбанистичкото планирање, оти спорниот простор во нас. Горче Петров е уреден со основниот и урбанистичкиот план на град Скопје од 1985 година и со Деталниот урбанистички план од 1989 година. Слободно можам да речам дека Владата на РМ а во тесна врска со тоа и Министерството не е овластено да го уредува просторот, што е против урбанистичките планови, оти постои | опасност да дојде судир меѓу жителите на месните заедници и органите на власта, што настана со несогледливи последици за тој период во почетокот на оваа година.

Бидејќи до 1985 година местото каде што требаше да се изгради кампот за бегалците била слободна парцела и е дадена на користење

на поранешната ЈНА, а по нејзиното повлекување дадено е под закуп на одделни стопански субјекти. Бидејќи спорниот простор е урбанизиран и е наменет за индивидуално и колективно домување со придружни објекти и простор покрај реката Вардар, за спорт, рекреација и зеленило, а да не спомнуваме и овој простор кога ќе се поврзе со рекреативниот простор на Сарај, езерото на реката Треска, односно самото место Треска, каде што е и хидроцентралата Матка и придружните угостителски објекти, односно спортски објекти, па и црквите што се наоѓаат на овој терен, што е од средновековието на Македонија, односно македонската историја, преставува голема жалост да се изградат диви објекти за сместување на бегалците од БиХ.

На 18 декември 1992~година, без да бидат информирани граѓаните на 4-те месни заедници на Горче Петров односно општината Карпош, односно Градското собрание, се појавија градежни работници и машони да почнат да копаат темели за кампот за бегалците од Босна без да имаат техничка документација за работата што треба да ја извршат. Ова е една од првите грешки. Мислам дека ни еден граѓанин што има достоинство и почит кон законската регулатива тоа не би го направил без да се плаши за последиците што~можат да настанат од органот што ја контролира оваа работа односно се разбира ако направи односно се спротивстави, тогаш и полицијата ќе интервенира

Понатаму, на 28 декември 1992 година во "Сл.весник"на РМ под број 81/92 публикувана е одлуката за утврдување на локацијата за изградба на кампот за бегалците од БиХ. Меѓутоа, одлуката е донесена на 21.12.1992 година, што значи времето кога беа донесени градежните машини и почнувањето на правењето на ископот на теренот на 18.12. одлуката ни формално не била донесена, што значи уште една односно

втора грешка. Граѓаните од 4-те месни заедници на Горче Петров реагираат на 7.2.1993 година кога фактички почнува свеченоста по повод првите така да речам работи или за свеченото отворање со сендвичи, пијалоци, фактички незаконски се почнати овие градби и населението бара да се прекине градењето, а потоа е познат епилогот од однесувањето на полицијата кон овие граѓани. Во интерес на заштита на незаконските одлуки настанува тепачка со употреба на физичка сила, хемиски средства во зимски периоди, настрадува поголем број граѓани затечени во овие настани, настанува прекин на сообраќајот на главната сообраќајница која води кон Тетово и Сарај и тоа за неколку денови.

Бидејќи овој простор е урбанизиран со горе споменатите планови, основниот и деталниот урбанистички план од 1985 и 1989 година, односно не е исполнет ниту еден од условите предвиден во членот 54, Владата и Министерството за урбанизам, односно актуелниот министер, г-динот Антони Пешев, што неосновано се повикуваат на овој член од Законот. Дали сега Владата односно Министерството за урбанизам и неговиот министер може да си ја земе слободата, одлуката за утврдување на локацијата да ја дезавуира органот што го донел урбанистичкиот план. Епилото на сето тоа е познат со одлуката на Уставниот суд од 7 мај 1993 година, со која се прекратува или се поништува одлуката за градба на бегалскиот логор во населбата Горче Петров.

Според тоа, мислам дека ова е доста голема одлука или тежи оваа одлука и затоа се поднесува, нели, интерпелацијата. Јас не навлегувам и другите дискутанти кои пред малку изнесоа и од позицијата, меѓутоа, за секоја работа треба многу да се внимава,  затоа што последиците се

големи, а во овој случај луѓето од населбата Горче Петров, физички беа нападнати, односно не само тоа туку и со хемиски средства.

Затоа, ја поддржувам интерпелацијата што е поднесена против министерот г-динот Антони Пешев.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Никола Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас сум принуден дополнително да се јавам поради дискусиите нас пратениците кои одат на тоа да ја избегнат одговорноста. Одговорноста оди со системот и со системот на државата е поставена. Имаме одлука на суд, со тоа што овие дискусии кои се насочени во тој правец да се избегне одговорноста треба да се прифатат самите пратеници во смисла, или извршиле погрешен избор или поради одредени интереси не сакаат да се утврди одговорноста.

Друго, пак начелно би рекол, во урбанизмот има толку самоволија што навистина еднаш после толку години ние треба да укажеме, во случајот нашиот состав на Парламентот, за да се внимава во овие области во наредниот период, бидејќи директно се врзани со животните интереси на граѓаните.

Исто така би укажал дека треба конкретно да се дискутира за изградбата на бегалскиот камп во Ѓорче Петров, а да не се користат овие моменти за да не се решат други урбанистички решенија. Во таа смисла да се потсетиме дека овој состав на Собрание не го прифати извештајот на Владата односно Министерството на внатрешни работи за успешната односно неуспешната физичка интервенција на граѓаните. Таму е исто

отворена одговорноста и на полицијата односно основа и за таа одговорност и на другото Министерство е Министерство за урбанизам.

Овде укажував да се смета дека сме повеќепартиски состав не е поранешниот еднопартиски па секого да сочуваме - ние сме една партија односно една фамилија. Ако некој смета да ги сочува кадрите, тоа се однесува на сопствената коалиција. Можеби ние имаме во нашата коалиција односно партија други кадри. Вие ќе се грижите во рамките на партијата односно коалицијата да си ги сочувате кадрите, а секоја партија ќе си внимава свои кадри. Порано беше една партија, таа ги поддржуваше кадрите.

**НИК0ЛА КРСТЕВСКИ**: (продолжение)

Во однос на одговорноста по докажана од оваа нема. Меѓутоа дека е чувствителна материјата и затоа излезно решение Уставот предложил. Кој не може да се носи со работата, тој треба да си даде оставка. Таа оставка не подлежи на одговорност. Друг ќе ја продолжи работата кој може. Сметам дека тоа е излезно решение и не мора да се оди понатаму. Овде во случајот не е користена таа ситуација и конкретно во случајот министерот е во оваа локација што е погрешно изведувана градежната оператива е чисто во времето на зборот на министерот и во времето на неговата функција. И конкретно за тоа се однесува интерпелацијата не се однесува дека плодните полиња не биле искористени или биле злоупотребени. Исто овие другите околности јас сметам има ако одиме понатаму ние пред Собранието имавме не вслелени станови. Исто и тука има индиректна обврска на министерството, како дозволила да нема увид на празни станови, јас не знам во полн стан кој се уселил, овде срдат под прозорот кај мене седат седум дена на картони, тоа во полн стан не се уселува ќе интервенира во СИЗ-от да се тие распределат. Имаше јавниот правобранител подстан на општествено самоуправување вика нераспределен стан немаш право да го иселуваш. Ако е распределен имаш право да го истераш. Тие се чуваат по џепови становите се нудат со незнам кој какви цени ако се од фондот за уредување, бидејќи немаме градежна кооператива тие нека се пренаменатна пазар нека се продаваат. Ние пола град празни станови, и нормално некој ќе се усели. Тој не се уселил кај мене, туку се уселил во празен стан и тука индиректна одговорност ако одиме во ширина. Меѓутоа е млад човек треба со нови елементи за истап. Меѓутоа сметам сепак бегање од одговорност имаме тука најнеспорна околност ние кои сме на правото на оставка имаме и одлука на суд, имаме сите околности се познати имаме ланчан систем на проблеми, граѓаните не задоволни,

VI/2.-

сметам ако ние не утврдиме основ за одговорност на министерот треба да си прифатиме пречутно или со гласање на нашата одговорност со гласање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Крстевски беше последен пријавен дискутант.

Дали уште некој друг бара збор?

Господинот Горѓиев

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Интерпелацијата за работата на министерот за урбанизам, градежништво сообраќај и екологија Антонио Пешев е поднесена на 18 мај о.г. пратеничката / група на Либерална партија оцени од она што беше искажано во самата интерпелација дека е потребно да се обави еден разговор со министерот и одредени прашања што беа и во рамките на Интерпелацијата и она што пратеничката група сметаше дека треба на одреден начин во разговорот да се потенцира за работата во самото министерство и улогата на министерот за вкупните обврски кои претстојат пред ова министерство па на тој состанок што се одржа некаде пред два месеци беа искажани доста забелешки како во делот на работата на министерството посебно забелешките беа лоцирани во три групи и посебно се истакна за доцнењето во делот на ^редувањето на законската регулатива, посебно не носењето на законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање кој закон,,на одреден начин, еве три години се одлага, а во основа претставува голем предизвик за одредени девијантни појави, посебно во делот на урбанистичкото уредување на состојбите.

Втора група на прашања беа оспорените одлуки од уставниот суд посебно одлуката на градба на кампот за бегалци во Горче Петров. Исто така се укажа на делот на оспорената одлука за продажба на општествените станови.

VI/3.-

Трета група на прашања на кое се поставија одредени забелешки е крајно несредената состојба во подрачните единици или во тоа време имаше информации за лоша организациона поставеност на министерството во делот на подрачните единици. Во разговорот беа добиени одговори на одредени прашања, еден дел од одговорите останаа необразложени, но во секој случај анализирајќи ја сегашната состојба на дистанца од два месеци, пратеничката група оцени дека во сите тие три сегменти има одредени подобрувања ако се има предвид и тоа дека во рамките на министерството во претходниот состав во делот на остварувањето на обврските на експертската влада сигурно имаше одредени девијантни појави што неспорно се пренесоа и на обврските кои сега ги остварува министерството заради тоа што во тој дел требаше да се остварат побрзи промени како би можеле и овие девијантни појави да се отстранат .Имаме сознание дека на одреден начин пет законски проекти се веќе изготвени и се наоѓаат во процедура во Владата и сигурно Собранието треба во најспоро време да ги разгледа и донесе.

Исто така е консолидирана состојбата во подрачните единици со тоа што Министерството сигурно треба да ги ажурира своите обврски за именување на началници во сите подрачни единици како би можело да се избегне сегашната состојба посебно девијантна во делот на дивата градба каде во отсуство на вертикална поврзаност на министерството, а и отсуство на поврзаност и тоа хоризонтална со другите министерства сигурно ќе се остави простор уште повеќе еден таков проблем се прошири а потоа последиците се познати.

Јас, во име на пратеничката група барам пауза 15 минути заради гласањето и сметам затоа што претседавачот кажа дека сум после- ден, но еве сега ми велите дека има уште, тогаш по завршувањето на расправата барам пауза од 15 минути заради остварување на договор за чинот на гласањето.

VI/4.-

**КИРИЛ КОВАЧЕВ^КИ:**

Почитувани пратеници министерот Антони Пешев за прв пат слушнав пред повеќе години кога уште беше самоуправниот социјализам па бил уфрлен во некоја игра така наречена џек-пот таа игра се зборуваше за тоа време кога слушнав за него дека е сврзана со криминал. Затоа би го замолил да каже нешто во врска со таа игра.

Понатаму, пред шест месеци во нашите весници "Нова Македонија" прочитав компјутерџијата Антони Пешев. Па накратко неколку збора околу тоа. Во,западниот свет тоа би се нарекло криминал, пак се спомнува криминал. За тоа понекогаш и цели Влади паѓаат. Весниците се полни со афери за манипулациите на одредени министри што ќе рече користење на функцијата и достапноста на информациите во Владата за приватни цели, најчесто преку некои) жиро сметки на приватни фирми.

На крајот би кажал нешто ништо ново и со новата Владата. Повторно министерот Антони Пешев еден од сопствениците на "Ултра" истата фирма, дознава фокус, денеска се јавува како главен набавувач на процесот на компјутеризација на одделни министерства. За сега во таа зделка води министерството за внатрешни работи, па потоа доаѓа министерството за односи со странство, па, и околу тоа би го замолил нешто да каже дали е точно или не.

Понатаму, би се осврнал околу кампот во Горче Петров за бегалци од БиХ. За тој камп против уставно и против законски реши Владата. Тука Владата се покажа многу несериозна во тој случај. Му наложи на господинот министер Антони Пешев, да ја спроведе таа одлука на Владата. Ако беше министерот Антони Пешев чесен и сериозен ќе одбиеше. Одбија некои министри како на пример од минатата Влада министерот Саво Климовски, кога Владата сакаше да го стави во служба на ПДП - НДП тој одби и даде оставка.

VI/5.-

Понатаму, вториот доктор на науки Димитар Димитров, тој исто така кога сакаше владата да го стави во служба на ПДП НДП исто така си даде оставка. Додека третиот министер господинот Бајалџиев се упорно значи се согласи со тоа што му го наложи Владата.

Околу кампот во Горче Петров поради незнаење дојде до немили настани за кое најмногу сноси одговорност министерот Антони Пешев. Во соработка со неговиот колега министерот Фрчковски граѓаните беа изложени од населбата Горче Петров на најбрутални дејствија од страна на полицијата, а и обратно, полицијата ни крива ни дужна беше изложена на такви брутални дејствија од страна на граѓаните на Горче Петров. Тој истиот министер за да го оправда своето незаконито работење се послужи со кажување на навестини. Во деновите на тие немили настани се појави пред македонската јавност преку малиот екран заедно со својот колега горе споменат и почна да се правда па така министерот Пешев направи споредба со манастирскиот комплекс црквата на Попова Шапка со кампот за прифаќање на бегалци од БиХ во Горче Петров. Не се очекуваше од еден министер да се вади за своето незнаење со изградбата на црквата на Попова Шапка. Но, како што кажав порано тој во тој случај кога беше наседнат од Владата требаше да даде оставка, па да не се расправаме сега. Треба да се угледаме на соседна Грција кога Мицотакис изгуби на овие избори веднаш си ја призна грешката за својот пораз и јави и бара да се поведе постапка и да се смени да дојде на негово место друг човек. Тоа треба и во нашата република и во нашиот парламент да егзистира.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, ќе зборувам кратко и би сакал да се надоврзам на ова, од досегашната дискусија се кажа дека е тешко министерство, големо министерство,

VI/6.-

сообраќај, екологија, урбанизам ПТТ, господа пратеници, па нас никој не не викна овде па и него не го викна ако му е тешко не морам да го прифати тоа министерство. Ако сето министерство падна па има луѓе од разни струки, како заменици министри, пот секретари и други стручни служби и немојте да ве слушам тешко тешко. Одете си дома ако ви е тешко. Кој ве канил да дојдете овде, никој не ве канил па и мене и сите други и не сакам да слушам такви одбрани златногласни зборови, да се зафатиме со многу убави и чесни зборови. Кои се тие чесни зборови види какви дела зад тебе имаш направено. Колку фабрики послушуваш, колку други претпријатија, а седиш овде и велиш чесни зборови, да се прифатиме , кај е таа чесност?

Понатаму, ако е за интерпелација јас сметам дека нема потреба од интерпелација

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**: (Продолжение)

Ако е за интерпелација, јас мислам дека нема потреба од интерпелација, еве зошто, затоа што по ваква направена работа сметам само со Ѓорче Петров, Уставен суд ја поништио, тоа значи двапати кривично дело и според тоа, овде не требаше ни да се дискутира ниту ништо, тоа е свршен чин, а еве зошто велам двапати кривично дело: Еднаш е затоа што на неурбанизирано, без да се донесе градежна дозвола за тоа ја излажа јавноста дека има, треба да се гради, а изнервирани граѓаните од двата настани што се носат други тука, да создадат кампови да се населат тука излегоа во одбрана на правдата, а третата е полицијата е донесена во незгодна положба да ја натераме да мава на недужните, а и тие се нивни луѓе, да се бранат, значи тоа не е мала грешка, два пати кривично дело, јас незнам зошто дискутираме за вакви работи. Ако беше тоа исправно, Уставниот суд тоа немаше да го поништи. Ќе речеше господинот министер имаше право да се одлучи таму треба да се гради камп и да се донесат сите стандарди. Никој немаше што да спори повеќе.

Ќе кажам нешто локалистички за Битола, а можеби тоа не е во надлежност сега, не препишувам грешка на сегашниот министер затоа што сакам да речам дека и Владата, и поранешната и сегашната незнам од кога правени се престапи еве донесено беше Закон и Одлука да испод шеста класа нагоре се прават магацини на неплодни земјишта, а на плодните земјишта испод шеста класа надоле не треба да се градат објекти за разни магацини. Во Битола каде што инвестирани огромни средства можеби дел од девизите се земени за тоа Стрежево таму, дозволена во прва класа да се одбере најплодното земјиште да се гради магацин на Унипроком,а додека иако имаше Одлука на Министерството

веројатно тоа да се руши како неосновано, во прва класа земјиште, тие бавчи ја ранеа Битола и ќе ја ранат, а од друга страна место да се руши дојде потпретседателот на Владата сече лента за да ја пушти во работа, голема фабрика направија , чудо едно, мора тоа, со лента да, се пушти, а од друга страна кај што беше гаража за камиони исто така од порано незнам на кого му попречи отиде тоа да се руши, иако беше само една жица и ништо друго и таа кога сакаше државата можеше да го користи затоа што беше само една жица и таму беа паркинг плацови на камионите. Тоа требало да се руши, а ова не треба. И што направивме ги натераа полицијата ни крива ни должна сиромаси оди бркај ги а другиот зад него ужива ваму и кога дојдоа се искараа се истепаа и кога видоа дека не се во право, ајде, оди, не пуштајте го , оставете го тука, а тој вели што да правиме сега. Доста, доста, рече оставете го нека биде така. Значи еве како створаме нервози кај народот. Ете од такви причини тие треба да се отстрануваат а не да велиме со слатко гласни зборови корисни и корисни работи.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Жалам што после толку месеци од немилите настани во Грче Петров таа тема е сеуште присутна овде. Едноставно, не умееме да извлечеме консеквенти. Триналичја на одлука од Уставниот суд три окончувања на став на Владата во најмала рака беше упатно да се размисли само критички и сметката да се потпише т.е. да има барем една демисија од Владата. Наместо тоа толку месеци наваму едноставно се гради силата дека опозицијата може да бара што сака, а ние како мнозинство ќе си дадеме легитимитет на било кое кршење на нормативата. Со таквото нешто јас лично не можам да се помирам. Нешто сакам да чујам во одбраната на министерот нешто во таа насока. Но, за мене индикативно е тоа што и сериозна партија како и ливержалната партија, која во меѓувреме нема прифаќа чија е сеуште

мисли да го загади својот став . Само ќе ве потсетам дека една од целите заради кои о донесовме Уставот беше да се воспостави владеењето на правото и јас би сакал да ве замолам да бидете во тоа истрајни. Вакви состојби не треба да се трпат. Во други држави каде што ние инаку како држава мислиме да бидеме членка или барем да бидеме асоцинирани за многу помалечки појави ви се кажало ситници како на пример за за циркуларен допис е воспоставена праксата на демисија. Кај нас и употребата на тие непожелни средства не се доволна причина, кај нас не е доволен мотив тоа што Уставниот суд оспорува Одлука на

Владата, кај нас се сепак тоа некакви игри и некакви поделби кому што лично на кое место да му пресипаме, која перспектива да му се отвори.

Мене ми е мило што дојде признавањето од страна на Народна Република Кина на нашата Република и очекувам скоро да бидеме признати од многу поширок блок на држави веројатно и тогаш ќе има тогаш место, па и конзуларни и дипломатски претставништва, туку пак да ве потсетам целта заради која ние донесовме Устав беше да завладее правото, а не беззаконието. И во таа насока сакма само да ве поканам да апелирам до Ва^с да ја поддржите интерпелацијата до која за жал сепак дојде. Јас претполагав дека во овој период консеквенциите ќе бидат понесени.

Инаку штом веќе зборуваме за ова министерство јас само спомнам дека уставна обврска на Владата да предложен просторен план на Републиката. Ние сме во нашиот мандат веќе три години, немаме видено просторен план. Тоа е еден вид недостаток. Колешката Лазареска пред малку изнесе некакви теми или размислување што претстојат во комисијата, но би сакал во иднина просторниот план на РМ да биде

земен во темелно разгледување без разлика како ќе заврши оваа интерпелација.

Благодарам.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, една од причините за покренување на интерпелацијата секако се немилите настани во населбата Горче Петров. Точен е дека изградбата на кампот за бегалци од Босна и Херцеговина со помошта на Владата на Северна Рајна Весвалија ги предизвика настаните. Тоа се последиците, но тие настани не се само заради неконсултирање на Градското собрание и со собранието на Општина Карпош со кој што работи требаше да го направи тоа министерството. Не само заради незаконската процедура и необезбедената дозвола за градба и пречекорувањата на овластувањата од страна на министерот господинот Антонио Пешев што го предизвика револтот на граѓаните кои ги запреа како што на сите ни е познато градежните работи на Пелагонија. Револтот кај граѓаните настана, не настана само заради насилството врз граѓаните, не само заради навредите од страна на министерот Фрчковски кој настанот го екитираше како фашизидна појава во ликот на населението на Горче Петров. Незадоволството кај граѓаните уследи и поради уривање на авторитетот на Уставниот суд заради тоа што токму со одлуката на Уставниот суд се покажа незаконското дејствие што го превзеде самото министерство на чие чело се наоѓа господинот Пешев како ресорен министер кој што треба да ја сноси одговорноста за целиот овој настан и за последиците. Владата молчи за сите овие работи и за сите овие последици. Не се проговори за политичкиот аспект, за тие пошироки моменти на овие настани туку се задржа само за техничките и за процедуралните проблеми сврзани со овие настани. Не се кажува од страна на Владата

за крупните штети што се прават со овие потези што ги прави во однос на македонскиот народ, а тоа е според германскиот печат, за кое што овде не се проговори, ниту тоа Владата го кажува, а тоа во германскиот печат јасно е прецизирано, дека со изградбата на овој камп ќе се донесат нови бегалци од БИХ од Германија во Македонија. Тоа е сериозен проблем за кој треба ние да размислиме и дали Владата навистина може да си го дозволи тоа право во име на македонскиот народ да донесува и да го зголемува бројот на нови бегалци кој се сместени во Германија да ги донесува во Република Македонија. Значи, со тоа се создава еден сериозен проблем , во Македонија, ние се среќаваме со проблемот на зголемување на немакедонското население, а знаеме какви се последиците од растењето на таквиот број немакедонско население и од таквата експанзија што се врши на просторот на нашата Република.

Исто така не се проговори од страна на Владата по однос на регулирање на статусот на бегалците затоа што на сите нас ни е познато дека проблемот на бегалците се третира со потпишувањето односно обврските за бегалците се прифаќаат, регулираат со прифаќањето и со донесувањето на конвенцијата за правниот статус на бегалците. Со оваа конвенција точно се утврдува кој може да има статус на бегалец и какви минимални социјални права им се потребни, а ние тоа не сме го регулирале. Бегалци можат да бидат лица навистина од друга држава под услови кој што стриктно ќе бидат прецизирани со таа конвенција и ние можеме да разговараме за тие бегалци но откако ќе ги решиме тие проблеми откако ги утврдиме причините под кои услови и на кој начин ние можеме да го прифатиме статусот бегалец и како можеме да го решаваме проблемот на бегалците. Едноставно Владата за тој проблем молчи. Та не нуди никакви законски решенија за решавање на овој

проблем ниту пак го покренува прашањето за остварување и за регулирање на границите, на правата што ги имаат тие бегалци според меѓународните утврдени норми.

Јас овде исто така сакам да посочам на еден проблем кој што Владата овде не го направи, а тоа е проблемот агресијата што се врши и целит ена сите европски држави е насочена токму кон тоа да го кренат гласот против агресијата, против причините што предизвикаа да се зголеми тој бран на бегалци. На кој начин? Ако ние го кренеме тој глас само ќе бидеме во функција тој проблем што побрзо да се реши. Сигурно дека кон таквите цели и кон таквите акции ние не се придруживме, се разбира тоа е една голема отстапка што ја прави Владата и сигурно дека таа треба да ги сноси последиците за тоа. Зашто ова го зборувам? Затоа што враќањето на бегалците од каде што доаѓаат треба стриктно да се дефинира дали овие бегалци ние што ги иамме овде се од подрачјето под српска контрола, или се од подрачјето под хрватска контрола или под муслиманска контрола. Кога би ја имале таа анализа и кога би ја имале таа информација сигурно ние се доведеме во една пообјективна ситуација како да се однесуваме према бегалците. Податоците кажуваат нешто друго. Не кажуваат дека овде се прифаќаат токму тие бегалци што го имаат тој статус на бегалец според меѓународните конвенции.

Ние сигурно дека мора да го кренеме гласот против белата чума , против војната односно реков белата чума што е само поинаков израз за војната затоа што се, пред се, реков, негативно одразува врз демократските трендови, а тоа ние добро го почувствувавме и кај нас.

**ДРАГИ АРСОВ**:(продолжение)

Добар повод е поставувањето на дневен ред на оваа интерпелација, ние нешто повеќе да кажеме и за слабостите што ги има ресорното Министерство, односно за пропустите досега што ги направи, а тоа е од страна на ова ресорно Министерство неажурноста и неспремноста да ги подготви пакетот закони од сферата на сообраќајот и врските. Ние досега таквиот пакет закон не го добивме наспроти хаотичната ситуација што постои во овој .домен на ресорот. Овде од страна на ресорното Министерство не се понуди законот за превоз во меѓународниот патен сообраќај за развој на железничката инфраструктура, за поштата и телекомуникациите. Пакетот законски акти за сообраќајот и врските, последиците поради доцнењето на тие законски акти се катастрофални и навистина јас не знам дали ќе можеме за еден подолг период таквите последици да ги санираме и да ги отстраниме штетите што настанаа поради законското забавување на овие значајни сегменти од животот на стопанството. Министерот никогаш не проговори за тоа и зошто молчи навистина не и е познато на нашата македонска јавност. Интерпелацијата е добар повод ние да кажеме дека не се преземени потребните мерки и во однос на просторното планирање, во однос на решавањето на проблемите што постојат на тој план, во однос на несоздавање услови за донесување на законот за измени и дополнување на Законот за изградба на објекти , а според тоа знаеме какви штети настанаа поради недонесувањето на овој закон во однос на бесправната изградба и заштитата на просторот . И на крајот ние мораме овде да кажеме гласно и јасно во однос на необезбедениот воздушен суверенитет на Република Македонија. Левата коалиција на власт со потпишувањето на спогодбата на 12 јуни 1992 година и дозволи на Сојузна Република Југославија односно на Сојузниот Секретаријат за

сообраќај и врски на нашето, односно на македонското Министерство за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија да го регулира и континуира летањето и да дава други услуги во цивилниот воздушен сообраќај на територијата на Македонија. Меѓутоа, Македонија практично нема свој воздушен суверенитет. Со оваа Спогодба летовите над Република Македонија ги одобрува оперативниот центар на Сојузната управа за контрола на летањето. Со Спогодбата е дозволено во воздушниот простор над Македонија Сојузниот воздухопловен инспекторат да ги извршува сите ј инспекциски надзори предвидени со Законот за воздушна пловидба кој сеуште важи и за Македонија иако тој е донесен во некое време, во некоја држава која што веќе не постои. Но, како и да е безбедноста во воздушниот сообраќај и воздушната пловидба во РМ не е обезбедена и на тој начин нашата Република е турната во рамките на регулативата на Сојузна Република Југославија. За тоа треба навистина сериозно да се размислиме. И како заклучок на сите овие работи не сакам да го потсетувам ресорниот нминистер, дали воопшто треба на дневен ред овде ние да расправаме за Интерпелацијата. Ако министерот Антони Пешев не ја ужива довербата, а тоа видовме дека овде беше изразена од повеќе пратенички групи останува тој самиот да одлучи дали треба и натаму да биде на чело на ова ресорно Министерство, или да си поднесе оставка.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Господа пратеници, ако поднесената интерпелација од страна на ВМРО-ДПМНЕ треба да ги штити позициите на ПДП во Владата тогаш таа ја промашила целта. Тоа е мое лично убедување. Дискусиите на

коалиционите партнери буквално повикуваат на кршење на закон и морал, во што предничат пратениците од ПДП. Зошто го велам ова? Двата пратеници можеби таков им е начинот на изразување сметаат дека со претење треба сега министерот г-динот Пешев да дозволи дива градба на пример, дали е тоа во Гостивар, во Битола, во Тетово итн. Независно кој ќе биде министер на ова место господа пратеници јас сметам дека ако е тоа претење од страна на ПДП во однос на интерпелацијата, интерпелацијата се знае за што беше дадена. Сметам дека секоја една манипулација да дозволува министерот дива градба, јас мислам дека тоа ќе биде слабост на самиот министер и на самото Министерство. Законски нека се тераат работите дали тоа е за албанското, или македонското население во Македонија. И ако Министерството ни даде едно соопштение колку има дивоградби или узурпација на земјиште, ние ќе видиме дека предничат оние што одредени пратеници го штитат тука од ПДП.

Прашање со авиокомпанијата, ако не биде вака г-динот Мерсим Положани, вели ќе биде онака. Пак ќе биде Македонија, дали ќе биде онака, или не ќе биде. Важно начинот со претење не е начин пред овој Парламент да се кажува и да се оптеретува за работи министерот кој што навистина си ги брка законски. Она што е незаконско нека си одговара, но за работи кои што се злоупотреби, лични интереси, јас сметам дека би требало да се апстрахираме од такви дискусии.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-динот Мерсим Положани има реплика.

VIII/4

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Искрен да сум не заслужува одговор, но заради јавноста морам да информирам. Овде немаше никакво претење. Овде беше укажано на една повреда на законските одредби и на еден монополски однос кон една компанија која приготвува огромен капитал и тој капитал е затворен. Пет милиони долари сега стојат затворени, се плаќа персонал, се плаќа лежарина, се плаќаат хангари за авионите итн. Тоа ништо не е претење. Но, ако се оди исклучиво на формирање на национална компанија со тоа што секаде ќе се потенцира македонштината а факт е дека структурата на патниците е таква. Јас укажав на една реална можност да се случи тоа но тоа што ќе се случи ако Министерството не ги исправи овие грешки кои на некој начин се наследени од минатото. Не се работи за никакво претење. Без никакви конструкции. Доста еднаш, не сте интересни со тоа.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници што се однесува до излагањето на претходниот говорник морам да кажам дека не е логично во Македонија да се бара кинеска национална компанија да се формира, туку разбирливо е национална компанија на Македонија, на РМ, и факт е дека Македонија е национална држава на македонскиот народ и држава и на граѓаните кои што живеат во Македонија. Што се однесува до некои обиди да се негираат аргументите за интерпелацијата на министерот Пешев, јас сметам дека тие беа сосема неуспешни. Имено се бараше во должината на името и областите што ги покрива Министерството, аргумент да се негира интерпелацијата што е повеќе од смешно. Имено, тука од оваа говорница беше кажано дека му е тешко на министерот да ги покрие сите области што се споменати во името на Министерството.

VIII/5

Ако министерот не може да ги покрие тие области како што кажа пратеникот од СДС најлогично би било ако малку има чесност човечка и ако поседува чувство на одговорност да се повлече од функцијата што ја врши, затоа што не е во можност да ги покрива сите тие области Но, мислам тука се бараат некои аргументи кои што не можат да бидат тоа. Што се однесува до интерпелацијата јас во целост ја поддржувам. И сметам дека доволен аргумент за изгласување на интерпелацијата со која што би се утврдила одговорноста а подоцна и би бил разрешен од функцијата министерот Антони Пешев е имено решението на Уставниот суд на РМ со кое е оспорена одлуката на Владата за изградба на бегалски камп во населбата Ѓорче Петров. Логична последица на оспорената одлука чие реализирање предизвика тешки последици по мирот и граѓанските права на жителите на Ѓорче Петров би било според моето мислење премиерот на Македонската Влада да си поднесе оставка. Најголемата одговорност за неуставната одлука ја има токму потписникот на таа одлука, премиерот кој заедно со министерот за урбанизам Пешев и министерот на полицијата Фрчковски најдиректно раководеше со спроведува&ето на оваа незаконита одлука по пат на примена на брутална репресија врз жителите на населбата Горче Петров. Во овој случај полицијата по наредба на министерот Фрчковски се користеше како апарат за асистенција на државата против сопствениот македонски народ тој оправдано протестираше против неуставната одлука на Владата. Бидејќи полицијата асистирала во спроведување на една незаконита, неуставна одлука неспорна е одговорноста на премиерот и на двајцата министри кои директно беа вклучени во оваа валкана работа. Во примената на репресија врз жени и деца, врз граѓани кои што мирно протестираа се предизвика судир помеѓу граѓаните и полицијата кој лесно можеше да се претвори во граѓанска војна. Ми се чини дека доколку сакаме навистина, а не само

декларативно како што настапуваат повеќето говорници да воспоставиме правна држава овие механизми мораат да започнат да функционираат и на утврдување на одговорност. Исто така, оваа интерпелација треба да биде поддржана и од големото незадоволство на граѓаните на Република Македонија со решенијата кои што беа понудени и изгласани во Законот за продажба на општествените станови. Факт е дека ова Министерство не ги покрива областите кои што би требало да ги покрива, не се понудени закони за регулирање на системот на радио-дифузната мрежа во РМ со што е овозможено да се задржи монополот на системот / на предаватели и врски. Така што само една информативна куќа во РМ може да емитува информативна , воопшто ТВ и Радио програма на територијата на цела Македонија, додека локалните, приватни радио станици т.н. .независните радио и ТВ станици тоа право го немаат. Така што со игнорантскиот однос на министерот и на Македонската Влада со непонудувањето на законски решенија овие монополи и во оваа област во системот на радио-дифузната мрежа се задржани, а тоа причинува огромна штета на демократските процеси во РМ, а особено во сферата на информирањето.

Исто т%ка, една од причините за поддршка на оваа интерпелација е и Одлуката на Владата за инсталирање на ТВ предавател на приватната ТВ станица А-1 на Водно, а таква привилегија нема ниту една друга приватна ТВ станица. Факт е дека акции во оваа т.н. независна телевизија имаат и некои министри од Македонската Влада. Истовремено, ова Министерство иако би требало да се грижи за еколошката катастрофа на Дојранското Езеро, досега не забележавме некои конкретни мерки да превземе за таа цел. Така што сведоци сме на еколошка катастрофа на Дојранското Езеро. Истовремено како што кажа и г-динот Драги Арсов, ова Министерство занимавајќи се само со себе и

со своите лични интереси и користејќи ја министер- ската позиција за стекнување на профит со продажба на компјутери, а колку што разбравме и од Министерството за информации и ТВ екрани во просториите на Министерството, па иако има во канцелариите ТВ екрани дадено им е уште по еден ТВ екран за секој случај. Факт е дека не постои воопшто никаква законска регулатива со која РМ суверено би располагала со воздушниот простор. Како резултат на таа негрижа се случи и несреќата на авионот на Палер - Македонија во која загинаа голем број на патници за што сеуште до ден денес немаме никаков извештај на Комисијата. Во секоја нормална, тоа значи демократска држава после ваква авионска несреќа министерот за сообраќај треба да си поднесе оставка.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

IX/1/JJ/лј

**АНТОНИ ПЕШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, денеска се повторува една иста пракса што ја имаме често на оваа говорница со полувистини, со лаѓи шпекулации и незнам уште што не е кажано на оваа говорница се обидува да се дискредитира личност и се обидува да се дискредитира вкупното работење на низа институции во државата. Навистина имав подготвено концепт со кој сакав да почнам, меѓутоа, очигледно е дека особено шпекулативна беше изјавата на претходниот говорник, која меѓу другото изнесе низа напади, кој за кои веројатно да не постои заштитата на оваа говорница често пати треба да се одговара и пред суд. Не се работи за тоа дека можете да нападнете, ако некој навистина постои простор или постои аргумент. Меѓу другото, опозицијата секогаш е во состојба да било каков документ или шпекулација што се претпоставува дека е таква да ја изнесе со комплетна аргументација. Едноставно не може да се шпекулира и да се напаѓа а претходно да не се донесе некаков доказ. Јас разбирам дека постои заштита на правото на пратеникот од оваа говорница да го изнесе се она за кое што се сомнева, меѓутоа неоправдан е нападот ако зад тоа не стојат аргументи.

Јас ќе се задржам на една низа настани што претходеа на настаните во Горче Петров, за што е убаво да ги знаеме и зад кое, повторно да кажам стоеше една маса на дезинформации и шпекулации кои погодуваа на некои политички сегменти во државата Македонија. Што се случуваше? Не станува збор за прекршување на законитоста. Не постои збор за тоа дека извршната власт не ја респектирала судската власт или не ги респектирала одлуките на Уставниот суд. Владата донесе одлука што се базираше врз база на мислење што го даде министерството. Тоа министерство имаше аргументација тврда кога го предлагаше тоа така како што е предложено. Дали била ставена Владата во функција на заблуда тоа сепак премиерот го оценува и дали со тоа

бил загрозен интегритетот на Владата, повторно претседателот на Владата одлучува. Меѓутоа, апсолут но не стои аргументацијата дека донесените. одлуки се незаконски. Меѓу другото да ве потсетам од кога се донесени одлуките, од првиот момент, за изградба на кампот до моментот кога се случија настаните во Горче Петров, не постоеше пократок период од два месеци. Тоа не беше група на луѓе неоргназирано. Мене ми е криво што еден пратеник од ова место не се потсети на тоа дека перманентно постоеја преговори со претставниците на месената заедница, со луѓето во околината кои, ако оценија дека одлуката на Владата е против уставна имаа и време и простор тоа да го направат пред уставниот суд.

Одлуката на уставниот суд дојде ден откако се случија настаните во Горче Петров. Истиот момент престанаа работите на изградбата на кампот и од тој момент натаму не продолжија работите. Тоа значи повреда на законитоста не постои. Иако сакате зад секоја одлука на уставниот суд ако паѓа по една министерска влада ќе дозволите дека треба одговорност да понесе за многу повлечени закони и законски одредби да сноси одговорност и некој од пратениците. Се работи за тоа дека одлуката на Уставниот суд е одлука која мора да се почитува и ние не го направивме непочитувањето на таа одлука до моментот на донесувањето на одлуката на Уставниот суд одлуката беше законита.

Почитувани пратеници ќе се задржиме за она за што денеска зборува. Денеска зборуваме за моја интерпелација односно тражење одговорност на функционирањето на Министерството во периодот по донесувањето на одлуките за Г. Петров. Денеска многу малку се зборуваше за тоа. Денеска повеќе глобално се зборуваше за функционирањето на министерството и мене ми е многу драго што за прв пат денеска се преговори, навистина, на прав начин за состојбите во урбанизмот кои доведуваат до маса проблеми што ова министерство ги има. Се работи за следното:

IX/3.-

Ова министерство за прв пат наидува на поддршка од пратениците и пратеничкиот состав денеска кога се работи за проблемите во урбанизмот долга низ години програмата за урбанизација во Република Македонија е сведена на миниум. Оставена е на без малку, ситуација таква каква што не може да издржи. Прв пат оваа година се работат организирано урбанистичките планови и се работи на урбанизацијата и на просторните планови во Република Македонија. За следната година, се надевам дека ова Собрание ќе најде доволно простор и начин како да смогне сили во буџетот за идната година да се обезбедат доволно средства за урбанизација во целата Република. Тоа глобално ќе повлијае на дивата градба што е масовна појава во нашата држава.

Оваа година за прв пат ова министерство се позанимава и со проблематиката на извршувањето. Тоа е неповолна функција што државата мора да си ја направи. Јас сум спремен до ова Собрание да доставам информација за тоа како се изведуваат извршувањата во целата Република и да покажеме дека во периодот во кој функционира ова министерство под мое раководство извршувањата се покачени за 10 пати, значи не 10%, не сто по сто туку за десет пати. Тоа е секако нешто што ги задира базичните интереси на многумина во оваа Република. Меѓутоа, државата за прв пат покажува дека е спремна и вољна да работи на она што е нејзина обврска и задача за да се реализира.

Она што денеска беше споменато овде во многу би можело да се прифати како аргумент за сугестија во кој правец министерството треба своите активности да ги извршува. Меѓутоа, никако не може да иде ова министерство окривено за 10-годишната негативност во сферата а урбанизмот, за 10 -годишното молчење во сферата на извршувањето спречувањето на дивата градба. Вие денеска не можете да обвините а нефункционирањето на државата, за долги години а во меѓувреме не направите анализа на тоа што се случувало во периодот претходно како ова министерство функционирало.

IX/4. -

Денеска бевме обвинети дека сме потпишале штетен договор на товар на Република Македонија во сферата на авио-сообраќајот. Притоа беше спомнат датумот 12 јули 1992 година. "Јас само ќе ве потсетам дека на овој датум ние не бевме Влада во овој состав. Потписник на тој до- говор беше Владата и Министерството во претходниот состав. Спрема тоа апсолутно не можете да ја окривите оваа држава за се она што не е направено, или да ги откривите оваа Влада или ова министерство, за сето она што е направено или не е направено во овој период, а претходно направено во некаков поинаков состав. Јас апсолутно ја прифаќам сугестијата ова министерство да излезе со своите закони во сферата на урбанизмот, во сферата на телекомуникациите и во авио-сообраќајот. Меѓутоа, ќе ве потсетам дека тие закони ако сакаме да ги направиме и да ги конципираме по светските мерила, ќе мора да се потпрат врз законот за концесии. Законот за концесии дава простор тие закони да бидат напишани во духот на времето во кое живееме и во духот на Европа спрема која се стремиме. До донесувањето на законот за концесии, тие закони ќе беа само бледо препишување на постојната законска регулатива.

Што се однесува до законите за радиофреквенциите и за авио-сообраќајот, за просторното урбанистичко планирање градбата, архитектурата, тоа#се закони кои не можат да се донесат без претходно да се донесе законот за локалната самоуправа. Какви надлежности ќе преземат тие закони, што ќе покријат и во колкав обем ќе покријат, ќе зависи, пред се, од тоа колку надлежности ќе и дадеме на општината. Тие закони напишани сега претходно нема да имаат никаква тежина.

Јас денеска слушнав заложба министерството да направи фронтални мерки и глобална стратегија за развојот на Републикава. Господо, не треба да укажувам на тоа колку тоа кошта. Јас сум спремен и би прифатил интервенција да се зголеми обемот во ангажманот на ова

IX/5.-

министерство во повеќе сектори, под услов да сме сигурни дека сме спремни како држава да издвоиме доволно средства за тоа што се вели фронтални мерки.

Следната година ова министерство ќе предложи амбициозна програма за урбанизација во што е вклучена и изработката на просторниот план на Република Македонија, што не е вистина за што од оваа говорница беше кажано дека Републиката го нема, напротив го има и прилично е од почнува дата од 1975 година, за разлика од некои плански документи што се стари повеќе од 50 години. Според тоа одиме на реализација на новите урбанистички планови и просторниот план на Република Македонија во комплетна нова изработка за идната година. Господа пратеници, повелете помогнете ни тоа да;успееме да го ставиме во Буџетот за следната година.

Денеска повторно се повтори истата песна. Се проба да се нападнат личности со злоупотреби со шпекулации од приватниот живот, што ценам дека тоа е еден лош начин на однесување што го имаме на оваа говорница. Нападот врз мене мислам дека не би требало да го одговарам, за што јас на неколку ?пати пред средствата за јавно информирање го образлагав. Меѓутоа денеска од оваа говорница бев нападнат за незаконски дејства, за криминал за неизвршување на функцијата и злоупотреба на министерската фотелја. Јас господа, ќе ве упатам на тоа дека апсолут за секое од овие обвинувања мора да постои документ а не новинарска шпекулација. За секој од ; нас во жолтиот дел од новините за секого од нас постојат шпекулации што можат да се проверат или докажат. Меѓутоа, мислам зад секоја од овие обвинувања мора да излезете со комплетна документација, во врска со функционирањето на фирмата, во врска со постоењето на незаконски дејствија, во врска со кршењето на закони по било кој основ.

IX/6.-

Често пати овде чувме и спротивставени мислења во врска со начинот на кој се врши урбанизацијата во Република Македонија. Од една страна некој се заложи за проширување на урбаните реони и проширување на градежните реони со нови локации, за кои евентуално би требало да размислиме бидејќи државата ги бара. Меѓутоа, слушнавме и спротивставени мислења што се залагаат за заштита на земјоделското земјите. И досега обично градежните реони биле правени на земјиште кое било корисно за земјоделска обработка. Господа пратеници ќе ве упатам на тоа дека навистина имаме и закон за заштита на земјоделското земјиште кој секако треба да се измени, да се овозможи проширувањето на градежните реони да се направи во онаа мерка во која одредени региони во Републикава тоа го бараат. Без промева ва законската регулатива тоа е невозможно. апсолутно е невозможно да се прошират градежните реони а со донесувањето на законот за земјоделското земјиште тие дури беа смалени од првобитните донесени после војната.

И на крај би сакал малку да поразговараме воздушниот простор. Бевме нападнати за тоа дека ова министерство нема контрола на воздушниот простор во Република Македонија. Господа, ова министерство, во изминатиот период стана член на светската организација за цивилна воздушна пловидба наречена ИКАО. Ова министерство е рамноправен член во сите конференции во таа организација ги организира. Ова министерство во текот на наредната година ќе го добие под контрола комплетното функционирање на воздушниот простор. Господа, тоа е нешто, што не се добива со декларативна одлука. Тоа е нешто што светската заедница треба да ви го додели. Во изминатиов период со оскудните материјални средства кои постоеја и што нашиот сектор за контрола ги имаше, не постоеја ниту теоретски можности, а ниту правни основи тоа да се добие. На нашите преку 60 писма до членство во ОО и кога нашата земја стана членка на ООН ни беше одговарано неформално со писма комплетно во кои се

IX/7.-

кажува дека вашата земја не може да конкурира за таа работља ниту во ова организација ако претходно не е членка на ООН. Со првиот ден од стапувањето на нашата земја во членство на ООН не е статусот за членка на ИКАО го добивме и контролата на воздушниот простор на последната седница во Париз ни е доделена во рок од четири месеци од таа конференција значи кон крајот на јануари на идната година.

За неповолните потпишани договори за контролата на летање до тој момент веројатно ќе треба да се поразговара со министерот во претходниот состав. Определбите во договорот се сепак негови.

И уште нешто би сакал да кажам, бевме нападнати и за лошата политика што ја имаме во водоснабдувањето. Ова министерство со своите средства од 800 илјади марки колку што се доделени со буџетот за оваа година, направи онолку колку што беше можно. Повеќе од тоа ниту беше можно ниту пак ќе биде можно ако оваа држава конечно не се осврне по конкретно на проблемот на водоснабдувањето. Иако е локален проблем, морам да кажам дека државата треба за прв пат да сфати дека не може да биде и само локален проблем, меѓутоа не може да биде и само буџет- ски проблем. Тоа е единствен проблем на целото граѓанство на Република Македонија и секој од нас треба да помогне да се прифати организирано кон прибирање на средства за изградба на водоснабдувачките капацитети.

Инаку, водоводите и проблемот на водоводите; ќе ве потсетам дека оваа година најмалку е ескалираа сме имале години каде тие проблеми прераснува во конфликти, недоразбирање на цели региони, спор меѓу градовите. Јас ќе потсетам дека оваа година, меѓу другото, е најмалку снабдена со вода од секоја друга година а многу малку слушаме за таа работа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За реплика се јавува госпоѓица Димовска.

IX/8.-

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Потпретседателе јас имам забелешка во поглед на вашето однесување во водењето на седницата. Бев тука најдиректно спомната и исто така беа искажани квалификации дека во моето излагање имало неколку невистини. Тоа е сериозна квалификација и не ми дозволувате да ја аргументирам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

По име не бевте спомнати.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Немојте ќе ве молам со такви манипулации да се служите.

Што се однесува до излагањето на министерот имам една принципиелна забелешка што во излагањето министерот се идентификуваше со државата. Исто така и власта ја идентификуваше со државата и забележа ако опозицијата го критикува министерот или ја критикува Владата, ја напаѓа државата, што значи таа е непријател на државата. Такви аргументи, навистина од принципиелни причини не-можам да прифатам.

Исто така во неговото излагање наместо за интерпелацијата и она што беше искажано од подносителите на Интерпелацијата, говореше за состојбите во урбанизмот, проблемите што ги има министерството во та област. Не одговори конкретно на забелешките.

Што се однесува тоа дека нашите аргументи што беа изложени и она што беше презентирано во моето излагање факт е дека ниту министерот ниту премиерот на Вадата ниту македонската влада не би требало да го прекршуваат уставот и да донесуваат неуставни одлуки. Ако такво нешто се случи најнормално би било во една правна држава да си поднесете оставка. Јас не знам какво недоразбирање постои тука.

Истовремено не беше одговорено зошто досега министерството не излезе со информација за причините на авионската несреќа на авионот.

на Палер Македонија во која загинаа голем број на патници. Исто: така што се однесува до одговорите на која приватна ТВ станица во Скопје и овозможило министерството да емитува слободно програма со инсталирање на предавател, поточно со давање на локација, не беше одговорено. Факт е дека само независната телевизија А1 има лоцирано предавател на Водно, додека приватните ТВ станици независни како што е Орбита и РТА досега не добија локација за предаватели.

Тие просто се оневозможени од страна на Владата да емитуваат програма. Мене не ми е познато од кои причини. Исто така е факт дека не постои во оваа област прецизна законска регулатива. Во ваква ситуација кога немаме законска регулатива се овозможува монополот во информирањето да остане. Секое независно или опозиционо мислење да се оневозможи или да се стави под контрола.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Кирил Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВКСИ:**

Во излагањето министерот Пешев кажа дека се кажани некои невистини лаги. Бараше и документи и аргументи. Околу тоа токму нешто би кажал бидејќи јас ја имам целата документација од кампот Горче Петров. Започнаа овие немили случаи кога владата тоа беше на 28.12. 1992 година излезеаво Службен весник одлука за утврдување локација за изградба на камп за прифаќање бегалци од БиХ од времен карактер. Еве ја одлуката (покажува). Врз таа основа во Горче петров се образува координационен одбор а тоа беше на 22.12.И упати барање до вас за да се заустави таквата градба. Вие продолживте со вашите барања и почнавте да градите и со полиција и така се градеше. Така дојде до тие немили случаи.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:** (продолжение)

Поради овие немили случаи заради тоа жителите на Горче Петров поднесоа до самиот суд на РМ еве го и тој документ, на 16.11. 1993 година од Уставниот суд на Македонија дојде решение тоа беше на 22-111.1993 година за запирање на извршување на тие активни дејствија

**АНТОНИ ПЕШЕВ:**

Рековте на 22-ри Уставниот суд донесол одлука. Настанат е случајот од 18 до 21 1993 година. Јас не планирав да одговорам, меѓутоа сакма да кажам нешто. Ако од оваа говорница се каже дека одговорноста од авионската несреќа ја имаат цивилните власти на РМ - тогаш цената на таа работа ќе ја платиме ние, а тоа не е точно. Одговорноста и тежината на изнесеното, секој од нас треба да ја мери според својата законска обврска. До конечната одлука на Комисијата во која има странски експерти, а која чини огромни суми штета а која детално покажува на нашата држава не постои за да од ова говорница биде кажано дека одговорноста е на нашите органи ја преупатува целокупната работа на тоа дека ние треба да ја сносиме целата одговорност. Јас таква одговорност не прифаќам. Комисијата е неприкосновена во своите одлуки и таа ќе го изнесе своето решение тогаш кога ќе оцени дека е тоа потребно. Меѓутоа, едно е јасно. Таа во ниту во еден момент не докажа одговорност на било кој субјект во РМ. И тоа не смееме да го дозволиме тоа да се префрли на нас ако за тоа не пости никаква одговорност. Кривично не одговорно и може нашата држава да ја доведе во многу поволна позиција. Ве молам секој нека говори со доза на одговорност и свесно дека треба да ги сноси консеквенциите од таквите изјави.

X/2.-

Почитувани пратеници, токму за дозата на одговорноста само на еден дел кој ми се чини дека е прилично опасен, делот на излагањето на министерот Пешев. Околу настаните со кампот за бегалци во Горче Петров,министерот рече дека за изградба на кампот од моментот на укинување, односно поништување на Уставниот суд била законита следствено на тоа заклучокот се наметнува дека Уставниот суд укинал законита одлука, тоа не е одговорност - министре.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници

Веднаш на почеток сакам да кажам дека ќе гласам за интерпелацијата од проста причина што сметам дека оваа влада сум бил против кога се бирала и секогаш ќе гласам за било која интерпелација за било кој член од оваа Влада како член на опозиција.

Сметам дека во текот на дискусијата беа кажани доста аргументи во прилог на интерпелацијата. Јас немам намера да навлегувам во тоа и да ги елаборирам. Мислам дека од аспект на стручност во областа на урбанизмот г-ѓата Билјана Лазаревска најубаво објасни и нема потреба сите да се навраќаме на тоа, тоа е аргументацијата во областа на урбанизмот.

Иако г-динот Пешев е приватен стопанственик, јас во принцип ги подржувам приватните сопственици и сметам дека во секоја Влада на РМ треба да ги има што повеќе, сепак јас кажав и ќе повторам ќе гласам за корист на оваа интерпелација.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Во врска со настаните во Горче Петров сите дискутанти изнесоа доста работи. По мене лично сметам за неуставна одлука што Уставниот суд кажа многу јасно, да се тепа народот треба целата Влада да поднесе

оставка и да си оди. Тоа е мој личен став и ќе го бранам секогаш. Секогаш независно која партија, која влада кога ќе го тепа народот а се докаже дека врз база на неуставна одлука се тепал тој народ, независно од национална припадност на било кој натепаниот секогаш мислам дека било која владата е, треба да си оди.

Најмногу излегов да дискутирам за интерпелацијата само поради една работа. Мене ме интересира областа на екологијата бидејќи ова Министерство своите надлежности ги има и во областа на екологијата. Јас поставував неколку пратенички прашања кои што се однесуваа на загадувањето во месец јануари во град Скопје, како и за поморот на рибите во Реката Вардар од 5.11.1993 година и во крајот на март исто оваа година. На тие пратенички прашања кои што беа упатени до Владата единствено Министерството за земјоделство од за мене непознати причини, бидејќи јас инсистирав за надлежноста за Министерството за екологијата да ми одговори, и дава навистина смешни одговори и за мене најповеќе ја гледам одговорноста на министерот, доколку се изземе случајот за Горче Петров, за кој што вината треба да ја сноси премиерот и целата негова влада, сметам дека необрнвуање на внимание во таа област како што е екологијата, тука најмногу ја гледам одговорноста на г-динот Пешев. Мислам дека требаше со име и со презиме да се одговори н моето пратеничко прашање за тоа кои се виновниците за такви невидени еколошки катастрофи во Македонија. Мислам било кој министер да биде овде со сето должно внимание да го потсети на оваа област, на екологијата од причини што доколку сакаме да се вклучиме во Европа ќе мора на оваа област да и обрне ме значително внимание. Иако мислам дека интерпелацијата нема да биде изгласана, тоа очигледно е според расположението во Парламентот, од дискусиите на сите пратеници од

пратеничктие групи јас барам министерот за овие мои забелешки од областа на екологијата да обрне внимание и виновниците за овие еколошки катастрофи даги посочи, па макар тоа би биле од раководители на фирми кои што се во неговата партија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, дозволете јас да ги искажам моите видувања околу поставената интерпелација за одговорност во работата на министерот за урбанизам. Како одговорности постојат повеќе видови. Ќе почнам по ред. Првиот е административен, вториот е кривичен, третиот е граѓански, четвртиот е политички и петтиот е морален. Првите четири бараат да се носат докази што кога настанало, како било, што било. Времето на догоорноста подлежи на контрола со протек на време, застареност или недокажаност. Меѓутоа, кога ќе стане збор за политичка и морална одговорност што треба да се цени. Дали она што се одиграло има врска со извршување на одредена функција што не е врзано за личноста кога одговара од напред понудените одговорности. Туку произлегува од вршење на функцијата што ја има таа личност. Политичката одговорност е трајна по тој основ. Овде станува збор, дали настаните од 18 до 21.11.оваа година. имаат законска подлога и дали имаат морална одговорност, односно политичка одговорност на носителот на функција министер во Министерството за урбанизам. Самата одлука на Уставниот суд која докажа дека Одлуката на Владата што ја спровел >Министерот за урбанизам и министерот за внатрешни работи не е законита. Тогаш доаѓа политичката одговорност што се разликува од кривична - административната и граѓанствата одговорност на носителот на функцијата и тој ако извршител на таа функција носи оваа политичка и морална функција да не може да остане на чело на тој орган. Тоа е сам факт. Не треба никаков доказ. Тоа е доволно да доведе до сменување на личноста на одредениот орган за да се запази

законитоста. Така не постапи Владата, не постапи ни Министерството, не постапи ни министерот. Нивно право е да се чува на оној положај кој е. Меѓутоа, по мене стана многу лошо кога министерот од оваа говорница се поистовети со функцијата и Институтот - држава. Тука барам јас сега одговорност за која треба да расправа ова Собрание. Значи дека функционерот кој ја врши функцијата се заборавил каде се наоѓа. Не да се наоѓа на функцијата која ја врши Владата, туку се довел над државната функција и жалосно ќе бие за оваа држава ако смета, дека и Владата е држава. Се бараше од оваа говорница - дајте доказ. А за доказот Одлуката на Судот е мала. Таму ако се сеќавате да не ги враќаме стенограмите, кога говорот од оваа говорница дека и самите инспектори републички во тоа Министерство кажале дека немало тоа и тоа и тоа и не се исполнети услвоите да се издаде дозволата. Сега се прашува тој исти министер дајте ми вие на мене аргумент, а аргументот е кај него. Затоа оваа политичка одговорност се разликува од граѓанската од кривичната и административната одговорност каде документите ги има оној каде напата. Овде документите се наоѓаат при нападнатиот. Замислите тој да ни каже - дајте ни ги документите, а тие се наоѓаат кај него.

Вториот дел што стана што бива? Министерот вели може ли некој да си дозволи овдека ние да преземеме било каква одговорност државна за срушвуање на авионот кога 85 или 89 беа мртви, а имаше и повредени, не може по никој основ државата да преземе одговорност.

Господа, јас овдека не барам ни административна, ни кривична, ни граѓанска, ни политичка одговорност, барам морална одговорност, кога доаѓа министер кој е баш за тој сектор, а тука с се работи за сообраќајот,

а се случи ваква работа, тој од морални причини, за достоинството на државата поднесе оставка. И од ова мое гледање на работите како се одвиваат во целиот свет. Мене што ми е јасно овдека, коалицијата да остане на власт и ова ќе го голтне сметајќи дека паѓање на еден министер, ќе падне и држава. Г-да не се плашете, Македонија нема да падне за еден министер, а г-динот нека остане, нека дојде пак на оваа говорница, нека говори што е него- ва програма, тоа нека го правда пред Владата , нека го чини, нека го образложува, ние немаме ништо против. Овдека имаме една чисто морална одговорност за паѓањето на авионот. И во тој случај ако сака- ме да бидеме демократи, ако сакаме да бидеме високи, не како човек да има одговорност, како криминалец што тој сам рече, да има одговорност по моралот. Ете се случила таа работа, без разлика кој да е виновен, се случило во оваа држава, а конкретната одговорност за кривина, материјална одговорност се бара во личностите кој тоа го направиле и придонеле за тоа.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Со моето приклучување кон интерпелацијата, односно барањето на одговор на одговор и одговорност од ресорниот министер во врска со мојот проблем што го третирав низ дискусијата, јас бев многу конкретен и побарав одговор на неколку прашања.

Што се однесува на одговорот на министерот дека се треба да се поткрепи со документација јас нема Парламентот и јавноста да ги замарам и да губам време со тоа, само ќе спомнам во врска со барањето за регистрација на Авиокомпанијата ЕР Илирија, овде ги имам пред себе фотокопијата на сите документи и десетици барања и интервенции во врска со тоа. Тука е прво решението за регистрација.

X/7.-

После тоа е решението и КО, Меѓународна организација на воздушен сообраќај. Натаму одобрението, односно потврдата на Сојузното министерство за воздушна пловидба која требаше на некој начин да се потврди, односно нострифицира или верифицира од Ресорното министерство на РМ и на крајот одговорот на министерот дека ова барање кое се провлекува низ министерските канцеларии повеќе од една година не може да биде задоволено, само за тоа што Македонија има веќе 5 авиокомпании. Јас бев многу конкретен дека оваа авиокомпанија беше втора после Палер Македонија, не се регистрира, а регистрирани се уште 4 авиокомпании. Јас бев многу конкретен во моите прашања и сметам дека министерот греба да одговори. Зошто досега не е одговорено позитивно дали овој одговор што го спомнав по малку го смета и понатаму за конечен одговор на Владата и правилен одговор на Владата. Јас би сакал да ми одговорите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот содржан во Интерпелацијата за утврдување на одговорност за работата на министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, го ставам на гласање.

Со оглед на тоа што утврдувањето на одговорност на член на Владата е основ за поднесување предлог за негово разрешување од страна на претседателот на Владата, за што Собранието одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, за одговорноста на Владата, Собранието одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има присутни 69 пратеници,

Господинот Петров бара процедурални интервенции.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Од претседавачот на седницата се искажа следното: Препишана формулација од претходно изјаснување по интерпелацијата и за министерот за внатрешни работи, цитирам: "Со оглед на тоа што утврдувањето на одговорноста на член на Влада е основ за поднесување предлог за негово разрешување од страна на претседателот на Владата, за што Собранието одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, за одговорноста на член на Владата Собранието одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници." Јас барам претседавачот да даде образложение врз основа на кој член од Уставот и Деловникот се повикува на една ваква формулација за начин и постапка на гласање по интерпелација. Доколку не бидам задоволен, ќе се обратам после.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа. Јас го читав и тоа беше така, нема никаква разлика во однос на претходното изјаснување во однос на министерот за внатрешни работи и тоа е став во врска со претходниот договор со Владата и претседателот на Собранието

Кој е за, молам да крене рака.

Господинот Стефковски, бараше и претходно, се извинувам што не му дадов збор.

(на говорницата излегува пратеникот Никола Крстевски)

Ве молам, г-дине Крстевски, му дадов збор на пратеникот Стефковски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

На име и презиме мене ме прозивавте, затоа сум тука, а на кого си мислел, тоа е твој проблем.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-динот Стефковски се откажува. Г-динот Крстевски продолжува.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Ставот изнесен за гласање по интерпелација дека е со мнозинство од вкупниот број пратеници е неправилен. Член 72 од Уставот не утврдува со кое мнозинство. Со изјаснување по интерпелација нема врска разрешувањето на министер. Со тоа се воспоставува само основ за поведување, ако е предвидена дисциплинска, кривична, граѓанска, морална, политичка и да не набројувам понатаму. Тоа е само основ, тој материјал само послужува. Треба минимално мнозинство од 40 односно еден повеќе од половината присутни пратеници во са- лата. Не го разрешуваме ние, туку кога ќе даде претседателот на Владата тогаш се потребни 61 пратеник. Моментално претседателот на Владата нема дадено предлог.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Кој е за, молам да крене рака.

Процедурално бара збор пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Станав да кажам за едно прекршување на Деловникот, а претседавачот повторно го прекрши давајќи збор на друг пратеник, членот 105 од Деловникот. "На пратеник кој сака да зборува за повреда на Деловникот, претседателот ќе му каже збор штом тој ќе го побара. По тој говор претседателот е должен да даде објаснување." Објаснувањето на моето прашање беше - така е постигнато во договор со Владата за начинот на гласањето во Парламентот.

“Ако пратеникот не биде задоволен од даденото објаснување, прашањето се решава на седницата." Јас побарав повторно збор за да ова Собрание се изјасни и да ја кажам мојата аргументација зошто овој начин и постапка за разгледување, претресување и одлучување по интерпелацијата не е заснован, според мене на Деловникот и на Уставот. прифаќањето на интерпелацијата не значи и разрешување и задолжителна обврска на премиерот да поднесе одлука за разрешување на министерот за кој се разгледува таа интерпелација. Во членот 69 од Уставот се вели:

"Собранието може да работи ако на седницата присуствува мнозинството од вкупниот број пратеници.

Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со 1/3 од вкупниот број пратеници, ако со Уставот не е предвидено посебно мнозинство."

За интерпелацијата која е утврдена со членот 72 во Уставот не пишува дека е предвидено посебно мнозинство од просто мнозинство на вкупниот број пратеници. Затоа, врз основа на членот 69 од Уставот, Собранието по изјаснувањето по интерпелацијата може да одлучува со прифаќање или не со мнозинство од вкупниот број присутни пратеници, а најмалку со 1/3 од вкупниот број. Тоа е 40 пратеници, затоа што посебно

мнозинство за интерпелацијата не е утврдено.

Понатаму, интерпелацијата не мора да значи основ за утврдување одговорност за министерот. По кој член? По членот 76 од Уставот. Единствено наодите на постојаните и повремените работни тела односно на анкетните комисии, наодите на анкетните комисии се основа за утврдување постапка за утврдување и одговорност на носител на јавни функции.

Затоа, сметам дека нема никаква основа образложението на претседавачот дека, со оглед на тоа што утврдувањето на одговорноста на член на Влада е основ за поднесување предлог за негово разрешување, Собранието одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, а за одговорност на член на Владата Собранието треба да одлучи со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Затоа, барам Собранието да го констатира со гласање одлучувањето по интерпелацијата во согласност со одредбите на Уставот и Деловникот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Никола Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Ништо ново, само да се дополнам. Закон за донесување на закони регулира, двотретинско мнозинство, 80 најмалку за системски, останатите се со мнозинство на гласови, и кога се разрешува во постапка претседателот. Другите одлуки што ги донесува Собранието со мнозинство од присутните односно не помалку од 40 пратеници, 1/3. Значи, сега не донесуваме никаков закон за разрешување или незнам

што, или за Устав и  слично. Значи, чисто интерпелација која ќе биде основ за евентуална постапка за разрешување -или претседателот во рамките на Влада ако има сопствени"размислувања да покрене постапка. Не донесуваме закон во случајот, туку се изјаснуваме за интерпелација кога претставува обична одлука.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседавач. почитувани пратеници, пратеникот Тодор Петров точно лоцира и тој истакна овде еден деловнички проблем Претседателството односно претседателот кој го толкува Деловникот соопшти дека за интерпелација треба 61 глас. Петров смета дека треба 41 глас. Тоа е чист деловнички проблем и без претрес, и претседавачот не треба да продолжи да дава да учествуваат во претресот, согласно Деловникот, а ќе се согласи и пратеникот Тодор Петров, Собранието треба да одлучи. Дали 61 или 41, тоа е чист деловнички проблем без впуштање во толкувања и на Уставот. По мое мислење, доколку во однос на избор на Влада треба 61 глас, исто така во однос нас утврдување на одговорноста, пред се, интерпелацијата е морална одговорност, и за разрешување треба 61 глас. Во сите случаи не се работи, интерпелацијата е нешто сосема друго, а ние од оваа говорница многу ја злоупотребуваме. Интерпелацијата е регулирана со Деловникот иако во Уставот е регулирана само со еден член. Деловникот, дали е стар или нов, мора да се придржуваме на него, а и пратениците сигурно инсистираат на него и сигурно треба и претседавачот стриктно да се

придржува. Додека другите пратеници, во вакви деловнички спорови, претседавачот во никој случај не може да им дозволи да се впуштаат во претрес.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Точно е дека не дозволуваме, но поаѓав од логиката дека Владата се избира со 61 глас, 61 глас треба да биде и за изјаснување по однос на интерпелација. Ова што го објасни претходниот дискутант, го прифаќам.

Има збор г-динот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, навистина излегов на одреден начин да го повторам она што го кажаа пратениците Никола Крстевски и Тодор Петров. Треба да се прави разлика што значи интерпелација и што значи разрешуваше. Тоа се две работи и едната и претходи на втората, со други збори кажано. Интерпелацијата само значи обврска која што значи обврска за втората фаза, а тоа е разрешување. Разрешувањето и именувањето оди со 61 глас, со 60 гласа да речам, тоа е утврдено во Уставот. А интерпелацијата нема таков карактер. Од тука, за интерпелацијата доволни се 40 односно 41 глас на пратениците. Зошто, се прашува секој од вас, оние што се поупатени и понеупатени, зошто претседателот Андов си дозволи едноставно да пређе диво да речам - 61, вели треба за интерпелацијата, што не беше точно. Тоа беше една типична измама со цел да се минимизира и да се амортизира можниот начин на гласање по интерпелацијата за министерот Фрчковски. Тоа беше толку провидна игра на претседателот Андов, така што ние како Парламент нема што да толкуваме дали ќе  гласаат 41 или ќе се гласа со

61 за интерпелацијата. Јасно е, интерпелацијата оди со 41 глас. Сето друго е злоупотреба и на Уставот и на Деловникот. Ако коалицијата се сомнева во исходот на гласањето, јасно е дека ја наметна бројката 61.

Меѓутоа, едно да биде јасно и на министерот Пешев, одлуката на Уставниот суд е обврска дека оваа држава ќе работи законито, ќе го почитува Уставот. Нашиот народ, доколку не биде усвоена интерпелацијата, ќе доживее разочарување дека ќе продолжи и понатаму незаконито да се работи. Интерпелацијата само со 41, и секое толкување или повикување на Комисија за деловнички прашања мислам дека нема место.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Повторно продолжуваме.

Ако треба дополнителни објаснувања, го молам секретарот на Собранието да даде подетални објаснувања.

Има збор секретарот Игор Спировски.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, да бидам искрен, ова прашање го очекував уште многу порано, уште на минатата седница кога беше првата интерпелација. Инаку, должен сум и да го прифатам ова што претседавачот ми го наложи да дадам одредени објаснувања, затоа што во голем дел носам дел од таа одговорност за начинот на гласањето по интерпелациите, воопшто, не само за ова.

За да нема некакви недоразбирања дека тоа е врзано со време итн., пред да се впуштам во пократка анализа, кратка за оваа прилика, инаку, можеби ќе биде долга, јас една изјава, ако не се лажам беше на

А-1 во времето кога беше првата интерпелација против двата министри поднесена ја дадов јавно и ја објаснив процедурата на одлучувањето по Интерпелацијата, кое е исто објаснување како што е тоа сега направено.

Сигурно е дека според членот 69 од Уставот јасно е утврдено како се врши гласањето за одделни предлози и одделни материјали и таму е точно утврдено дека се гласа со просто мнозинство, односно со апсолутно мнозинство и со двотретинско, каде што тоа го бара Уставот, а со просто, освен ако со Уставот не е утврдено поинаку за некои ситуации. Факт е и тоа дека по гласањето за интерпелацијата уставот не се произнел. Основната логика е дека и за интерпелацијата бидејќи во Уставот нема пропишано посебно мнозинство, се гласа со просто, што ќе рече со најмалку 40. Тоа е онаа проста логика.

Меѓутоа, морам да образложам нешто друго. Веројатно правници не би требало кога се би било сосема јасно, веројатно во историјата на правото не би се создале толку механизми на читање и на правна техника на пишување и на извлекување на принципот на законите и Уставот во крајна линија, ако се би било напишано од збор до збор. Јас само* ќе ве потсетам на една ситуација кој воопшто никој не може да ја постави како спорна иако во Уставот не е точно утврдено токму за таа ситуација на каков начин ќе се одлучува. Имавме ситуација на избор на заменици на министрите. Во Уставот ниту постои заменик министер, постои во Законот за органите на управата, меѓутоа ни во Уставот ни во Законот не е точно утврдено со такво мнозинство гласови се одлучува за избор на заменик министер. Никој, верувам никој, ни правниците ни неправниците нема да се противат на едно сосема рационално образложение дека со оглед на тоа што се работи за функција која што ја

заменува основната функција, а основната функција се врши со 61 глас дека и таа замена треба да се изврши со 61-глас. Тоа е една ситуација кога ние, условно речено го прекршивме уставот бидејќи во него не пишува за таа ситуација, Собранието одлучи со 61 глас и секој што ќе се запраша за тоа ќе си даде одговор и ќе добие одговор дека е тоа примена на Уставот според неговите принципи.

Сега, некои ситуации како оваа што ја рековте многу поедноставни, многу поочигледни, меѓутоа, постојат многу други ситуации особено кога имаме устав односно закони кои што имаат недоволно определени одредби, каде многу потешко се доаѓа до вистинскиот одговор на тоа како Уставот може да го реши одреденото прашање. Се работи за еден стар проблем кој е постојано актуелен во правото, се работи за таканаречените правни празнини кои се решаваат според одредени критериуми утврдени во Уставот. Основната аргументација за ваквиот начин на одлучување, според мое убедување на сосема здрави уставни основи, основ да го речам така за ова, би можел да се подели на два подоснови на два дела. Едниот е ова што беше поради причини на рационалност прочитана од страна на претседателот како најблиску до начинот на работа на ова Собрание, меѓутоа, од друга страна нужно е да се појде од тоа што е интерпелација.

Интерпелација е инструмент на политичката контрола и во секоја литература која што се бави со нејзиното практикување ќе ја најдете класифицирана под инструменти за остварување на политичката одговорност на министрите односно на Владата. Зависи како каде се применува, во овие земји каде што се применува како интерпелација која непосредно води кон одредени последици, секогаш се гласа за одреден став. Целата концепција на нашиот устав е притисокот на Собранието да се стори доволно реален спрема Владата на Република Македонија за

да може во чистотата да се остварат уставните односи што Уставот ги гарантира. Притисокот на Собранието мора да се оствари на квалификуван начин, кој ќе биде реален притисок врз претседателот на Владата да биде принуден да ја почувствува силата на Собранието и да се преиспита себеси дали ќе ја ризикува целата влада затоа што сака да штити еден министер или ќе го даде министерот со предлог за разрешување за да го амортизира тој притисок од страна на Собранието. Ако се оди по онаа проста логика на буквално читање на Уставот, што м ислам дека не е вред, тогаш би се добила одлука за одговорноста на одделни министри со 40 гласови која што во крајна линија не ни мора да го обврзе претседателот на Владата да поднесе предлог за разрешување.

**ИГОР СПИРОВСКИ**:(продолжение)

Каков е притисокот на Собранието со помалку гласови од онолку гласови колку се потребни не само за гласање на разрешување, туку и утре за изгласување на недоверба на Владата, ако премиерот не го почитува притисокот на Собранието.

Мислам, тоа е мое длабоко убедување, Собранието на крајот може под форма на процедурален проблем да го реши и вака и онака, меѓутоа, може да се создаде , да неречам тежок збор, меѓутоа, карикатурална положба на односите помеѓу Собранието и Владата ако не се почитува основната интенција на концептот на Уставот за таа тежа и баланс што се поставуваат меѓу Собранието и Владата. Нема никаков стварен притисок врз премиерот да поднесе разрешување ниту да поднесе оставка одреден министер ниту подоцна да биде под ризик на доверба, ако Собранието го нема квалификувано со 61 глас, како што се бара за пад на Владата или за пад на министерот, тоа формулирано како притисок врз Владата. Инаку, ќе биде игра на мачка и глушец која нема крај, а мислам дека Собранието е тоа кое во прв ред треба да внимава на остварување на Уставот во неговите различни сегменти. Ќе најдеме многу други односи кои не се опфатени во Уставот и пак ќе се среќаваме со пополнување на правни празнини.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Алил Џаферовски, процедурално.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, објаснувањето на секретарот има материјална подлога, меѓутоа, во конкретниот случај за интерпелација на министер, односно на носител на јавна функција, бидејќи не е

предвидено ниту со Уставот, ниту со Деловникот она што г-динот Гештаковски укажа е единствениот начин да се излезе од ваквата состојба. Бидејќи станува збор за несогласување помеѓу претседавачот и пратеник. Треба да се стави на гласање дали за интерпелацијата ќе се гласа со 61 или со 40 пратеници. Да ја прекинеме оваа дискусија, бидејќи можеме овде да извлекуваме сите зошто сме за 60 и зошто сме за 40, бидејќи ниту едното ниту другото е дефинирано со Уставот и Деловникот. Затоа му предлагам на претседавачот да го стави на гласање ова дали со 60 или со 40.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Прво, да кажам историјата. Уште на претходната седница воочив дека не беа потребни 61, меѓутоа, ние бевме кратки за 35 и немаше потреба од интервенција. Дадов можност повторно да ја направат грешката и сега уочувам на грешката.

Толкувањето на секретарот нема врска со сите околности што ги наведува. Прво, ако одиме во ширина интерпелација математички се поднесува со 5 гласа, ако е од надлежност на Комисијата се оди со 10, доверба на Владата со 20, оние меѓународни договори со 30. Ако се земе ова е на најниско ниво, инаку, одговорот е се што не е предвидено со мнозинство на гласови тоа е 61 или двотретинско најмалку 80 останува со 40. За тоа неможеме да се надгласуваме и да имаме коалиционо мнозинство. Не е предмет на разгласување, како што вели Гештаковски.

Друго, оваа интерпелација се дава во постапка во уставна надлежност на Собранието, кое врши надзор, контрола над Владата и на државните органи, на носители на јавни функции и државни органи. Ова

е едно укажување во постапка за надзор. Дали претседателот во наредната постапка ќе предложи разрешување или некој поединечно ќе предложи кривична постапка или друга, тоа е друго, тука нема надгласување се што е изрично во Уставот дека се со мнозинство и двотретинско останува со мнозинство од присутни, но не помалку од 40. Сите други околности се неправилни и некорисни и штетат на угледот на Собранието и на Стручната служба.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, навистина влеговме во расправа околу примена на закон и јас од оваа говорница еднаш реков дека тројца правници пет мислења па сакам да одам во таа смисла во дикцијата на секретарот кога кажа дека со 40 односно една третина од бројот на пратениците се врши притисок на Владата. Таму се прави разлика помеѓу разрешување на Владата односно на министерот и притисок на Владата за работа на одреден функционер.

Господа, ако има 61 глас кој ќе го праша министерот дали сака да си оди од тоа место или не Шеесет и еден човек ќе дигне рака овде и целата Влада ќе си оди, но немало време, немало причина, немало докази,тоа е волјната на мнозинството и тие ќе одат, а на овој начин овде се врши притисок на Владата да води сметка како нејзин одреден функционер ја извршува функцијата.

Поднесен е предлог да се разгледа интерпелацијата за одреден министер со одредено мнозинство се одлучува. Ако во салата се присутни 100 пратеника, тогаш не може да се примени правилото 40, значи една третина, туку ќе се примени правилото на гласање дека треба да има еден повеќе од бројот на присутните од половина. Ако сме

присутни 100 треба да биде 51. Ако се 90 треба да биде 46. Тоа значи која форма на гласањето ќе се задржи. Ако во Собранието има број на гласачи да може Собранието да работи со 61 односно да има 62-63 до 79, тогаш одлуката со 40 се носи. Во овој случај само може да се прифати мислењето на секретарот за вршење на притисок, а она дали ќе се разрешува Владата или не и дека треба да се делува со 61, тоа е чиста опструкција односно толкување кое оди во полза на коалицијата. Затоа сметам дека ако коалицијата не добила до сега доволен број на гласови да си го штити својот министер, тогаш погрешно толкување на законот нема да го спаси.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор, се разбира процедурално.

Прашањето за примена на Деловникот по основ на потребното мнозинство за гласање по интерпелацијата го ставам на гласање

Кој е за, да се гласа со апсолутно мнозинство со 61 глас?

Кој е за интерпелацијата да се изгласа со апсолутно мнозинство од 61 глас? (48 пратеника).

Четириесет и осум пратеници гласаа за.

Молам, кој е против? (8 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник)

Молам, да се констатира точниот број на присутните пратеници во салата.

Вкупно гласале 57 пратеници од кои 48 за, 8 против и 1 воздржан.

Значи , во салата има присутни 85 пратеника.

Според тоа предлогот е усвоен да се изгласа интерпелацијата со 61 глас.

Одиме понатаму.

Има збор г-дин Стефковски процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Мислам дека и гласањето е спротивно на Деловникот и се сомневам во точноста на резултатот и барам поединечно гласање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали има поддршка од 10 пратеника?(има).

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Воедно барам пауза од 15 минути.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, да се договориме дали прво пауза или гласање?

Давам пауза од 15 минути.

(Седницата прекина во 16,10 часот).

(Седницата продолжи во 16,40 часот).

Ги молам Стручните служби да ги повикаат пратениците од нивните простории.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата.

Продолжуваме со работа. Во салата има присутни 66 пратеника

Го молам секретарот да пристапи кон поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | за |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | против |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | воздржан |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | против |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | против |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | за |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | против |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | не е тука |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | за |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | за |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | воздржан |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | против |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | не е тука |
| 27. ПУШКО ЃОРЃЕСКИ | за |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |

XIII/1/OM/CJ

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | за |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | за |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не сака да гласа |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | воздржан |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | не е тука |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | не е тука |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | против |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | за |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | против |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | не е тука |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | не гласа |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | за |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | за |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | против |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | не е тука |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | против |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | за |
| 66. НАИФ МУСТАФА | не е тука |

XIII/2.-

| | |
|---|---|
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | за |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | против |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | против |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | против |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | за |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | за |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | за |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | не е тука |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | за |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | за |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | за |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | против |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | не е тука |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | не е тука |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 103. ДЕТАР ТЕМЕЛЌОВСКИ | не е тука |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | не е тука |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | воздржан |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | против |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | против |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | не е тука |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | за |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | не е тука |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | за |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | за |

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Вкупно гласале 74 пратеници, од кои 53 за, 17 против и 4 воздржани.

Констатирам дека е усвоен предлогот по интерпелацијата да се изјасниме со 61 глас.

Предлогот содржан во интерпелацијата за утврдување на одговорност за работата на министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија го ставам на гласање.

Процедурално бара господин Стефковски.

XIII/4.-

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници го користам правото по членот 105 од Деловникот и може да излегувам на говорницата кога сакам кога е во прашање повреда на одредби на Деловникот. сакам да Ви укажам дека денес имавме интерпелација за работа, за одговорноста и т.н. Основата на таа интерпелација беше дека се крши Уставот, се крши законот од страна на министерот и Владата и т.н. Што се случи сега со овој начин на гласаше, како парламентот ќе гласа за интерпелацијата. Дали треба 41 или треба 61. Јас само сакам да го опоменам претседавачот на седницата да го прочита членот 66 од Уставот каде  јасно се кажува дека Деловник се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници. Не може ниедна деловничка одредба да го менува Деловникот со гласање, особено со 50 гласа. Дали сфативте зашто беше поединечното гласање, дека не можете да си играте со Деловникот на Собранието и во таа смисла дека продолжува едно против Деловникот однесување. Ние едноставно нема да учествуваме во работата кога се работи на грубо кршење на Уставот. Во овој случај Уставот. Прочитајте го членот 66 и ќе ви биде јасно засекогаш и дајте еднашка овој парламент да го почитува Уставот што го донесе со акамација

Имате, ако резиме на сето ова јасно е дека на интерпелацијата, на една неодговорнсот, на едно грубо кршење на законот ќе се одговори со едно неуставно и антиделовничко одлучување. Во таа смисла ние нема да одлучуваме во таквото гласање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Добро, ние продолжуваме со работа. Гласањето беше по предлог на господинот Тодор Петров и на тројца други пратеници.

Процедурата е нормална.

предлогот содржан во интерпелацијата за утврдување на одговорност за работата на министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

4 пратеници гласаа за.

Да го утврдиме бројот на присутните пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници. Имаме кворум за работа.

4 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (48 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници)

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе следниот заклучок.

(Реакција во салата на пратениците)

Присутни има 66 пратеници, веројатно некој не гласал.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе следниот заклучок.

Прво, Собранието врз основа на расправата по интерпелацијата за работата на министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија Антони Пешев оцени дека не постојат основи за утврдување на неговата одговорност во врска со наодите во интерпелацијата.

Второ, овој заклучок да се достави до претседателот на Владата на Република Македонија.

XIII/6.-

Бидејќи работевме без прекин, ја прекинувам седницата, а утре во 10,00 часот продолжуваме со работа по останатите точки од дневниот ред.

(Седницата прекина со работа во 17,00 часот).